# Почеток на крајот од документот на екранот!

## Преглед на чекорите за советување на дете кое сака да дојде кај Христос

(чувајте го во Библијата)

**Осигурете се дека детето има разбирање за:**

**Бог**
Кој е Бог?
Бог нѐ создал. Тој ни зборува преку Библијата.
Бог е свет и праведен. Тој нѐ љуби.

**Гревот**
Што е грев?
Гревот е непослушност кон Божјите заповеди. Тој е против Бог.
Зборувај за конкретни гревови.
Тоа е грешник.
Гревот заслужува казна.

**Спасителот**
Кој е единствениот кој може да те ослободи од гревот?
Зошто Тој може да го земе твојот грев?
Бог Синот умре на крстот за грешниците.
Господ Исус воскресна од мртвите. Тој е Господар над сѐ.

**Објасни како може да се спаси:**

Објасни што бара Бог да направиме *ние*, а што ќе направи *Тој*.
**Употреби библиски стих**
(Јован 1:12; 3:16; 6:37; Дела 16:31; Римјаните 6:23; 10:13).
Што Господ сака ти да направиш?
Што ќе направи Господ?
**Предупредување за тешкотиите**
Прашај: "Сакаш ли да го примиш Христос, или да почекаш?"
Охрабри го детето да се моли гласно *(ако е подготвено)*.

**Зборувај за сигурноста на спасението**

Врати се на користениот библиски стих.
Зборувај за променетиот живот.
Кажи му што може да знае оној кој навистина поверувал во Христос.

**Дај му (подоцна) неколку совети за христијанскиот живот**

Читај ја Библијата и биди ѝ послушен.
Зборувај со Бог, нашиот Небесен Татко.
Кажи им на други што Бог направи за тебе.
Барај Бог да ти прости кога грешиш.
Среќавај се со други христијани.
Запомни го Божјето ветување: "Нема никогаш да те напуштам."

1


D-151a
D-150
D-152

2


D-153
D-150

3


D-153
D-155

4


D-157
D-156

**4B**


D-161
D-153
D-158
D-159
D-160

беше прикован на крст. Кога умре телото му беше погребано во гроб. Како тогаш велиме дека Христос е Цар засекогаш?

Знаете дека Божјиот Син не остана мртов (поставете ја фигурата 159 - воскреснатиот Христос). Тој воскресна од мртвите. Отиде на небото и денес е сѐ уште жив. Тој е Господ над сѐ- над смрта , гревот и Сатаната. Тој ги победи. Тој царува во срцата и животите на луѓето кои веруваат во Него како на Спасител. Ако е твој Спасител ,Тој е и твој Цар. Тоа значи дка треба да го правиш само она што го задоволува твојот Цар. Да го кажуваш тоа што тој го сака, да одиш каде што Тој те праќа. Можеби ти е тешко да си љубезен кон некој во училиштето. Но сети се дека твојот Цар сака да бидеш љубезен, затоа биди му послушен и кажи некој љубезен збор.

И еден ден Господ Исус ќе дојде пак од небото, но не како мало бебе, како што направи во Витлеем. Овој пат ќе дојде како славен Цар. (Поставете ја круната, фигура 160). На тој ден секој кој било кога живеел ќе дознае дека Тој е Цар. Сите ќе го видат, големиот Цар над сите. Ќе биде многу тажно и страшно време за оние кои никогаш не поверувале во Него како во Спасител. Ќе бидеш ли еден од нив? Ако е така, ти и другите како тебе ќе треба да се поклоните пред Него и да признаете дека е Господ. Ќе биде предоцна за да се спасиш. Ќе немаш дел во тоа прекрасно царство над кое Тој ќе владее засекогаш. Но тој славен ден сѐ уште не е дојден, а ние не знаеме кога ќе дојде. Размисли на тоа: што значи да си подготвен за Неговото доаѓање. Ако сакаш да си, кажи Му го тоа. Замоли го да го земе твојот грев и да стане твој Цар и Спасител. Биди подготвен за тој велик ден кога целиот свет, сите кои било кога живееле, ќе го видат Господ Исус, Царот над царевите и Господ на господарите.

## ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ

1. Зошто Давид собираше големи количини дрво, камен, злато и сребро?
   За градењето на храмот.

2. Зошто Бог му рече дека неговиот син, а не тој, ќе го изгради храмот?
   Заштo водел многу војни и пролеал многу крв.

3. Каков добар совет му даде Давид на својот син Соломон?
   Да биде храбар и послушен на Бог.

4. Освен што собираше материјал, и што го охрабри својот син, како поинаку помогна Давид во подготовката за градбата на храмот?
   Назначи луѓе кои требаше да служат во него откако ќе се изгради - свирачи и пејачи. Напиша многу псалми за славење.

5. Кое беше специјалното ветување што Бог му го даде на Давид?
   Твоето царство ќе трае вечно.

6. Каде е сега Давид?
   "Во домот на Господов засекогаш".

7. Што се случи откако умре Соломон?
   Израелските цареви не беа послушни на Бог и Тој ги казни, им го зеде царството и дозволи народот да биде одведен во ропство.

8. Како е Давид поврзан со Господ Исус?
   Марија, мајката на Исус беше од потомството на Давид.

9. Кои беа зборовите што ги поставив на таблата?
   Исус Христос е Господ

10. Каде царува Господ Исус Христос сега?
    Во срцата на луѓето кои веруваат во Него.

11. Кој рече "овде има поголем од Соломон"?
    Господ Исус.

12. Кога Исус ќе царува над сите дури и над оние кои не веруваат во Него, ниту пак го сакаат?
    Кога повторно ќе дојде од небото.

покажа злато, сребро и бакар што ги беше собрал во огромни количини.

"Ти ќе додадеш кон тоа што сум собрал."- му рече Давид на Соломон. " Има многу искусни мајстори кои ќе работат за тебе: каменоделци, дрводелци, мајстори за златои сребро, бронза и железо. Стани и работи, зашто Бог е со тебе!" (Отстранете ги фигурите; поставете ги водачите, фигура 154, Давид и престолот, фигурите 150 и 153).

## Сцена 2 Давид, престолот , водачите

Давид ги повика заедно водачите на Израел и рече: "Очекувам од вас да му помогнете на Соломон во градењето на храмот. Нели Бог е со вас? Сега одлучете во вашиот ум со чисти срца да го барате Господ Бог, за да го донесете ковчегот во храмот изграден за Неговото име." (Отстранете ги водачите).

Давид назначи и работници за во храмот, откако ќе се изгради. Дваесет и четири илјади беа назначени да се грижат за славењето! Четири илјади од нив беа одредени да свират инструменти и да пеат за слава Божја. Службата на славење во храмот требаше да биде восхитувачка. Давид имаше многу за што да Го слави Бог. А и ние исто така.

Давид напиша многу песни за славење.Тие требаше да се пеат во храмот. Многу од нив имаме во Книгата на Псалмите во Библијата. Понекогаш и ние пееме некои од песните кои тој ги напиша за слава на Бог. Додека се подготвуваше за градбата на Божјиот дом, Давид сигурно се присети на Божјите ветувања за неговиот (Давидов) дом. Бог зборуваше за тоа истата ноќ кога рече:"Давид нема да ми изгради дом".

Бог рече: "Откако ќе завршат твоите денови на земјата, твојот син ќе владее од твојот престол. А јас ќе го утврдам царството твое засекогаш." Тоа беше Божјото ветување - вечно царство. (Отстранете ја фигурата 150, поставете го Давид како се моли, фигура 155.)

## Сцена 3 Давид, престол

Давид му веруваше на Бог, иако не можеше да разбере сè. Слушни ја неговата молитва (запишана во 2. Цар, 7:18-29): "Што сум јас и кое е моето семејство та го направи сето ова за мене? Зарем сè што направи до сега не е доволно?"

Давид не го разбра наполно ветувањето дека "неговото царство ќе биде вечно". Беше стар и знаеше дека наскоро ќе умре. Што ќе биде со Соломон? Наскоро ќе стане цар, но и тој ќе остари и умре. Не, единствениот кој е Цар засекогаш е Господ Исус Христос. (Поставете го натписот "Исус Христос е Цар"). Тој ќе биде цар сè додека постои земјата, а и подолго. Но што има тоа врска со семејството на Давид? Да видиме што се случи. (Отстранете ги фигурите).

## Сцена 4 Соломон и толпи народ

Како што стареше, Давид знаеше дека наскоро ќе умре и ќе биде со Господ. Беше време да го предаде престолот на Соломон, неговиот син. (Поставете ја фигурата 156 - Соломон и 157- толпата). Соломон јаваше низ Ерусалим, трубите свиреа и водачите викаа: "Да живее Царот!"

Давид му зборуваше на Соломон за патот на животот. Тој му рече: "Врви по Божиот пат; чувај ги неговите заповеди. И Бог ќе го исполни своето ветување за царувањето на нашето семејство." (Отстранете ги фигурите).

Многу брзо потоа Давид умре. Народот го жалеше, но тој сè уште живее во "домот на Бог засекогаш". Еден ден, ако му припаѓаш на Божјото семејство ќе го видиш Давид на небото и ќе можеш да зборуваш со него за сите големи авантури за кои учевме.

Сега Соломон беше цар. Живееше во мир, изгради убав храм и царуваше мудро. Но кон крајот на животот почна да станува непослушен кон Бог. По него дојдоа други цареви во Израел, кои уште повеќе се оддалечија од Бог. Бог му кажа на Давид дека ќе го казни народот ако биде непослушен. И Бог ги казни поради нивниот грев, како што беше рекол - непријатели ја нападнаа земјата и полека, полека ја поробија. Сите Израелци беа поробени и однесени во туѓи земји, вклучувајќи го и царот! Палатата беше разурната. Прекрасниот храм беше разурнат! Целиот град Ерусалим беше во рушевини. Изгледаше како царствово да заврши (2. Цар. 25:1-11). Но што стана со Божјото ветување: **"засекогаш"**?

Слушнете нешто прекрасно и восхитувачко! Тоа се случи околу 400 години по уништувањето на храмот и градот.

Бог испрати ангел до една млада девојка по име Марија. Еве што ѝ рече: "Ќе родиш син и ќе го наречеш Исус. Тој ќе биде силен и ќе се нарече Син на Севишниот." Сега слушнете го следното: "И Господ Бог ќе му го даде престолот на неговиот татко Давид." Знаете, Марија, мајката на Исус беше од Давидовото семејство. Но тоа не беше сè што ѝ рече ангелот. "И Господ Бог ќе му го даде престолот на Неговиот татко Давид. Тој ќе биде цар над домот Израилев засекогаш" (Лука 1:26-33).

Ете го решението на мистеријата! Марија, мајката на Исус Христос беше од Давидовиот род. Меѓутоа, Негов татко беше Бог. Тоа бебе беше поинакво од сите други кои се родени. Беше Бог и човек, но без грев. Иако беше Цар, се роди во јасли и многу малку луѓе знаеја дека е цар.

Кога Гопод Исус порасна и стана маж, ги поучуваше луѓето на многу нешта. Еден ден рече дека Соломон беше велик и богат цар, "но овде е оној кој е поголем од него" (Лука 11:31). За кого зборуваше? За себе. Исус е поголем цар отколку што беше Соломон, зашто Неговото царство е вечно.

Дали беше Господ Исус крунисан како цар над Израел во главниот град, Ерусалим? (Поставете го крстот, фигурата 158). Не, едниствената круна што ја носеше беше трновиот венец. Господ Исус, Божјиот Син

## Лекција 12

# Соломон го наследува Давид како цар

**Библиски текст:** 1. Летописи 22:2-23:5; 2. Цар. 7:11б-29; 3. Цар. 1:33,34;2:1-4; 1. Летописи 29:28; Лука 1:26-33; 11:31; Захарија 14:9; Откр. 11:15.

**Централна вистина:** Исус Христос е Цар.

**Примена:** *за спасени деца:* Биди Му послушен.
*за неспасени деца:* Еден ден ќе треба да се поклониш пред Него како пред твој Цар.

**Почеток:** Дедото на Ненад и Даниела беше многу сиромашен.

**Развој нанастаните:** Давид подготвува материјал за градење на храмот (1. Летописи 22:5).
Неговиот совет кон Соломон (22:19).
Божјото ветување кон Давид (2. Цар. 7:16) ЦВ.
Соломон е поставен за цар (1. Лет. 23:1).
Давид умира (1. Лет. 29:28).
Храмот разрушен и царството завршува.
Пораката на ангелот за Марија (Лука 11:33).
Христос е поголем цар од Соломон (Лука 11:31) ЦВ.

**Кулминација:** Неговото повторно доаѓање и царување (Откр. 11:15) ЦВС.

**Заклучок:** Сите ќе знаат дека Тој е Цар ЦВН.

**Стих за напамет:** Пс. 23:6 (или Пс. 16:11). Внимателно објаснете го стихот.

## ЛЕКЦИЈА

Дедото на Ненад и Даниела беше многу сиромав кога беше мал. Одеше на училиште само до 14 години. Потоа требаше да почне да работи, иако сакал да оди во средно училиште. Кога му се родил првиот син (таткото на Ненад и Даниела) дедото беше решен тој да има прилика да добие високо образование.

Синот беше добар ученик, студираше на универзитет и стана доктор. Тој можеше да направи многу нешта кои дедото не можеше.

На некој начин, тоа се случи и со Давид. Еден од неговите синови требаше да направи големи нешта кои тој сакаше да ги направи, но не можеше. Не затоа што беше сиромав, туку затоа што Бог не му дозволи.

### Сцена 1 Давид, Соломон, градежни материјали

Цар Давид беше веќе стар. (Поставете ја фигурата 150 - Давид). Бог му беше дал мир од непријателите. Немаше повеќе потреба да води војни. Беа денови на мир. Но царот беше зафатен. Нешто се подготвуваше во Ерусалим (поставете ги градежните материјали, фигурите 151а и 151б).

Давид им беше наредил на група мажи да делкаат прекрасни камења. Други правеа илјадници шајки. Имаше многу бронза, толку многу што не можеше да се измери. И кедрови дрвја- толку многу што не можеа да се избројат. Што се случуваше?

Самиот Давид објасни што се случува. Тоа беше за храмот што тој сакаше да го гради за Бог пред многу години. Но Бог му рече:, "Не сега. Твојот син ќе го направи тоа." Сега беше блиску времето за тоа.

"Мојот син, Соломон, е сè уште млад и неискусен" - рече Давид. (Соломон веројатно немаше ниту 20 год.) "Храмот што ќе се гради за Господ треба да биде величествен. За неговата слава и убавина ќе се расчуе насекаде. Јас се подготвувам за градба.

Давид знаеше дека нема да живее уште долго. Сигурно го очекуваше тој момент кога ќе биде во Божјото присуство, "во домот на Господ засекогаш".

Тој имаше повеќе синови. Бог беше рекол дека Соломон ќе стане цар по него. (Поставете го Соломон, фигурата 152).

"Сине мој," рече тој, сакав да изградам храм на Господ, мојот Бог. Сакав јас да го направам тоа, но Бог ми рече: 'Ти пролеа многу крв и водеше многу војни Затоа нема да ти дозволам ти да го изградиш мојот храм. Но ќе ти се роди син кој ќе биде човек на мир. Ќе му дадам мир од непријателите. Ќе се вика Соломон. Ќе има мир и сигурност во Израел додека тој е жив. Тој ќе ми изгради храм.'"

Мислата за градењето на храмот мора да го натера младиот Соломон да се чувствува уплашен и обесхрабрен. Како може да ја прифати одговорноста за нешто толку важно?

Давид изгледа размислуваше за тоа време, кога Соломон ќе биде на престолот. Тој го охрабри, велејќи: "Сине мој, Господ ќе биде со тебе за да напредуваш и да го изградиш храмот како што рече Тој. Нека Господ ти даде разум за, кога ќе те направи цар над Израел, да ги држиш законите на Господ, твојот Бог."

Тоа може да го кажеме со неколку збора. Биди Му послушен на Бог. Тоа беше добар совет за Соломон, а е добар и за тебе и мене.

"Биди силен и храбар! Не се плаши!" Давид го виде стравот и тагата во Соломоновите очи. "Немој да бидеш тажен", му рече Давид. Тој сакаше Соломон да ја види радоста која тој ја чувствуваше додека се подготвуваше за градбата на храмот. "Гледај што сè собрав за градење". Освен бронза, камења и железо, Давид му

11. Каков е резултатот од бунтот против Бог?
Вечно одвојување од Бог - освен ако не побараш опростување и не се вратиш назад кон Бог.

12. Давид тажеше за смртта на бунтовниот син. Што мислиш, како се чувствува Бог кога ќе умре грешник, кој не се покајал за својот бунт?
Бог мора да е тажен, затоа што тој човек го одбил, иако Тој толку многу го сакал.






е завршен. Каков тажен крај на животот на овој млад бунтовник.

И тебе бунтовништвото ќе ти донесе многу проблеми. Но уште полошо, ако продолжиш да бидеш бунтовник ќе ја добиеш казната која ја заслужуваш, ќе бидеш засекогаш одвоен од Бог. Размисли сериозно за ова. Запомни дека Исус Христос ја понесе казната која ја заслужуваат бунтовниците како тебе. Тој може да промени еден бунтовник против Бог во дете Божјо.

Можеби сериозно размислуваш за својот грев и сакаш да поверуваш во Христос како твој Спасител. Но можеби не си сигурен како да го направиш тоа. Ќе ми биде драго да ти помогнам и да ти покажам од Библијата како да поверуваш во Господ Исус. Се разбира, јас само ќе ти објаснам. Ако сакаш помош, дојди кај мене по часот. Ќе ми биде драго да поразговараме за овие важни нешта. (Учителе, назначете одредено место каде што ќе ги чекате децата кои ќе сакаат советување).

## Сцена 8 Давид , гласници, Јоав и војници

Во градот, Давид беше на вратата, чекајќи вести. (Поставете ја фигурата 139- Давид). Еден чувар извика од кулата за набљудување: "Гледам човек кој трча кон нас. Сигурно носи вести од бојното поле." Наскоро човекот дојде до местото каде што беше царот. (Поставете ја фигурата 141 - гласникот). Беше зазбивтан поради долгото трчање и одвај прозбори: "Добри вести, царе Давид, Господ ти даде победа над сите кои се побунија против тебе."

"А што е со Авесалом? Дали е безбеден?" - праша Давид. Неговото прво прашање беше за синот. Веројатно за момент настана тишина пред гласникот тивко да одговори: "Нека на сите твои непријатели поминат како тој млад човек." Давид разбра дека Авесалом е мртов (отстранете го гласникот).

Давид отиде во една соба над градската врата и плачеше. "О, мој сине Авесалом, сине, Авесалом! Да бев умрел наместо тебе. О; Авесаломе, сине мој, сине мој." (Заменете ја фигурата 139 со фигурата 147 - Давид како тажи).

Цар Давид длабоко жалеше за синот. Како татко, ја оплакуваше смртта на својот син. Но можеби уште повеќе жалеше што Авесалом се побуни против Бог.

Победничката Давидова војска тивко се врати во градот (2. Цар. 19:3). Поради жалоста на царот, не се славеше победата. (Поставете ја фигурата 146 - Јоав). Најпосле Јоав мораше да зборува со Давид, да му каже дека треба да престане да жали за Авесалом и да покаже почит кон војниците кои храбро се бореа да го одбранат. Давид направи така и слезе кај градската порта. (Поставете ги Фигурите 139- Давид, 140- војниците, 141 - гласникот и 146 - Јоав).

Наскоро целиот народ пак беше со Давид и тој со голема радост се врати во Ерусалим.

Сигурен сум дека во срцето на Давид сѐ уште имаше тага за Авесалом. Слушнете го Божјото предупредување: "Не се бунтувај." Ако си таков и сакаш веќе да не правиш така, кажи му го тоа на Бог во тишината на твоето срце; замоли го да ти прости и да те промени од бунтовник во Негово дете. Кога си дете Божјо, покажуваш дека му припаѓаш со тоа што ќе си му послушен.

## ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ

Можеби ќе сакате да го напишете зборот "бунтовник" на таблата. За секој точен одговор избришете по една буква. Потоа направете го обратното со зборот "дете" - по секој точен одговор напишете по една буква. Нашата молитва е секое дете да биде променето од бунтовник против Бог во дете Божјо.

1. Зошто Авесалом беше толку популарен?
   Беше убав. Разговараше со луѓето за нивните проблеми. Однадвор беше пријател, а одвнатре горд и полн со измама.

2. Кога сакаше да го напушти Ерусалим за да го започне бунтот, што кажа за да го измами Давид?
   Дека сака да оди во Хеброн за да го исполни ветувањето да му служи на Бог.

3. Кажете ми четворица против кои се бунтуваат мажите и жените, момчињата и девојчињата.
   Бог, наставници, родители, државниот закон, полицијата, владата.

4. Дајте ми пример за тоа што е бунтовништво против наставник.
   Да го исмејуваш, да не го слушаш, да не ги почитуваш училишните правила.

5. Дајте ми пример што значи да се биде бунтовен против родителите.
   Да ги лажеш, да крадеш пари од нив, да не си одиш дома кога ти е кажано, да не си ја редиш собата, итн.

6. Зошто беше Давид тажен кога Ахитофел му се придружи на Авесалом?
   Зашто тој беше мудар советник на кој се потпираше Давид.

7. Каква работа доби Хусиј?
   Да шпиунира за Давид, да не му дозволи на Авесалом да ги послуша советите на Ахитофел и да му испраќа на Давид информации за плановите на Авесалом.

8. Каков лош совет му даде Хусиј на Авесалом?
   Тој го советуваше Авесалом веднаш да не го нападне Давид, туку да почека, да собере голема војска и подоцна да нападне.

9. Зошто Давид не отиде во борба заедно со луѓето?
   Војниците го убедија да остане во градот. Му рекоа дека е многу важен и дека не сакаат да го изгубат во битка.
10. Бунтот на Авесалом заврши тажно. Како умре тој?
   Јоав го уби додека висеше за долгата коса на едно дрво.

Но Бог не е слаб како што беше Давид. Кога ти се бунтуваш против Него, Тој не се предава и не те остава да правиш како што сакаш. Бог те љуби и сака да ти го даде најдоброто. Тој толку те сака што го казни Својот сакан Син Господ Исус Христос за твојот грев и бунтовништво. Исус умре на крстот за твојот грев. Бог те кани да се враиш кај Него. Сака да ти прости и да те направи свое дете. Кажи Му денес дека ти е жал за твоето бунтовништво. Дојди кај Него и замоли го да те прими и да ти прости.Тој ќе го направи тоа, бидејќи ветува: "Кој ќе дојде кај мене, нема да го отфрлам надвор" (Јов. 6:37).

## Сцена 5 Давид и Хусиј

Кога Давид и неговите луѓе го напуштаа градот, одеа боси и со покриени глави. На тој начин покаживаа дека жалат. (Поставете ја фигурата 147- Давид). Кога Давид стигна на врвот од ридот го сретна еден од неговите советници по име Хусиј. (Поставете ја фигурата 148 - Хусиј). Тој жалеше, со раскинати слишта, со глава покриена со пепел. Му беше верен пријател на Давид и вака ја покажуваше својата тага што Давид го напушта Ерусалим. Давид го запраша: "Сакаш ли да се вратиш во Ерусалим за мене? Оди и речи му на Авесалом дека си решил да му служиш него наместо мене. Тој знае дека си мудар и искусен човек и ќе те праша за совет. Ти можеш да му дадеш лош совет, а мене можеш да ми испратиш вести за неговите планови, за да можам да се подготвам." Хусиј драговолно се согласи и побрза назад во Ерусалим.

## Сцена 6 Авесалом, Хусиј и Ахитофел

Дали некој од вас, добрите детективите го забележа шпионот за кој ви кажував? Да, тоа беше Хусиј. Кога се врати во Ерусалим Авесалом беше веќе влезен во градот и беше подготвен да се зацари. (Поставете ја фигурата 134 - Авесалом). Хусиј веднаш отиде кај него (додадете ја фигурата 142 - Хусиј) и извика "Да живее царот! Да живее царот!"

Авесалом беше задоволен! Тој веруваше дека овој важен човек, Хусај, е на негова страна. А, се разбира, го имаше и Ахитофел, човек кој даваше мудри совети. (Поставете ја фигурата 149 - Ахитофел).

Авесалом почна да прави борбен план како да го победи Давид. Прво го праша Ахитофел (поставете го Ахитофел поблиску до Авесалом). "Дај ми совет, Ахитофел, како да ја започнам нашата борба против Давид?"

Ахитофел одговори:"Она што треба да го направиме е да нападнеме веднаш за да нема време да се организира, а и изморен е од патот кој го помина. Дозволи ми веднаш да земам 12.000 војници. Силно ќе ги нападнам за да го убијам Давид и кога луѓето ќе видат дека го убивме нивниот водач, ќе се откажат од борба и ќе те прифатат за цар. Ако го послушаш мојот совет, битката ќе заврши многу бргу."

Авесалом помисли дека планот за напад е многу добар Но реши да го праша и Хусиј и да види што ќе предложи тој. "Кажи Хусиј, што мислиш ти за планот на Ахитофел?" Хусиј знаеше дека советот на Ахитофел е добар и дека ќе доведе до пораз на Давид. Беше навистина загрижен.

"Не мислам дека тоа е добро," брзо одговори тој. "Знаеш многу добро, Авесалом, дека Давид и неговите луѓе се искусни и храбри војници. Сега тие се бесни како мечка на која ѝ ги земале малите. Исто така, нема да биде лесно да се најде и убие Давид. Овој план може лесно да пропадне, наши луѓе да загинат, а останатите да се исплашат и обесхрабрат. Мој совет е да собереш поголема војска и сам да ја поведеш. Не брзај премногу. Тогаш, кога ќе тргнеш против Давид со голема војска, ќе го надвладееш и лесно ќе победиш."

Авесалом ги исслуша советите на двајцата. Сигурно Хусиј го задржуваше здивот надевајќи се дека Авесалом ќе го послуша неговиот лош совет, за Давид да има време да се подготви за битката која следи.

Бог контролира сè и предизвика Авесалом да го послуша Хусиј, шпионот. Хусиј беше радосен и му испрати порака на Давид: "Не запирај каде што си. Продолжи да одиш додека не собереш доволно војска за голема битка".

## Сцена 7 Давид, неговата војска и Јоав

Давид ја организира својата војска за борба против Авесалом. (Поставете ги фигурите 139 - Давид, 140 - војниците и 146 - Јоав). Тие беа во шумите од другата страна на реката Јордан. За генерали ги постави Јоав и уште двајца други. И Давид сакаше да учествува во битката, но луѓето рекоа: "Не, ти вредиш колку 10.000 од нас. Не смееме да дозволиме да те убијат. Тоа ќе биде катастрофа за сите. Мора да останеш во воениот логор."

Така и направи. Тој стоеше на вратата кога војската излегуваше; и кога покрај него ќе поминеше некој од командантите, Давид велеше: "Команданте, бидете внимателни кон младиот човек, Авесалом." Тој сè уште многу го сакаше Авесалом, иако тој се беше побунил против него.

Армијата на Авесалом не можеше да се спореди со храбрите војници на страната на Давид. Тој ден беа убиени 20 000 војници од страната на Авесалом.

За време на битката Авесалом јаваше низ шумата на мазга. Кога поминуваше под ниските гранки на еден даб косата му се заплетка во гранките. Мазгата продолжи да трча и Авесалом остана да виси на дрвото. Еден од војниците во армијата на Давид виде што се случи и истрча кај Јоав за да му каже: "Авесалом виси на едно дрво."

"Зошто не го уби?"- го праша Јоав. "Ќе ти дадев награда од 10 сикли сребро."

"Не би го убил ни за торба сребро (околу 1 000 сикли)," - одговори младиот човек. "Нели слушна што рече Давид."

Јоав не чекаше. Тој со уште 10 млади луѓе побрза и дојде на местото каде што Авесалом уште висеше и го уби. Тогаш Јоав затруби со труба, како знак дека бунтот

тој е најубавиот маж во целата земја. Беше многу горд поради својата убавина и долгата, густа коса. Тој толку се гордееше со својата коса што кога ја потстрижуваше, еднаш годишно, тој ја мереше. Толпи народ доаѓаа да го гледат и да му се восхитуваат. (Поставете ги фигурите 135, 136 и 137- толпата). Тие го гледаа кога се возеше на својата кочија со 50 мажи пред неа кои трчаа и викаа дека доаѓа принц Авесалом.

Авесалом беше многу популарен. Стануваше рано наутро и застануваше пред градската порта. Тоа беше место каде се собираа многу луѓе да дискутираат за различни проблеми и да решаваат недоразбирања. Авесалом ги викаше кај себе и разговараше со секој кој имаше проблем. Тој се согласуваше со нив и велеше: "Верувам дека си во право. Штета што царот не испратил некој да донесе добро решение за ова. Ако јас бев судија во земјата, ќе се погрижев да ја добиеш правдата."

Ако некој му се поклонеше, тој бргу го подигаше и пријателски го бакнуваше. Библијата вели дека правејќи така "тој ги украде срцата на луѓето". Всушност тој се обидуваше да ги натера да го слушат и почитуват повеќе отколку цар Давид, неговиот татко.

Авесалом беше измамник - однадвор беше пријателски расположен, а одвнатре беше горд и себичен, бунтовен и амбициозен. Уживаше да биде популарен.(Отстранете ги фигурите). Можеби и ти си малку како него. На училиште правиш нешта, само да си популарен. Ја исмејуваш учителката, не си послушен. Другите мислат дека си паметен и тебе тоа ти се допаѓа. Ти си бунтовник во училиштето. (Поставете го натписот: "Не биди бунтовник како Авесалом"). Знаете ли дека Бог во Библијата вели дека треба да им се покоруваме на оние што се на власт? (Рим. 13:1,2). Тоа ги вклучува и нставниците! Ти грешиш кон Бог ако си непослушен во училиште, ако не ги почитуваш наставниците. Ти си бунтовник во училиште, а и бунтовник кон Бог. Ова е многу сериозно. Ако го сакаш Господ Исус тоа ќе го покажеш со тоа што ќе си послушен на училиште.

## Сцена 2 Давид и Авесалом

Она што Авесалом навистина го сакаше беше да стане цар. (Поставете ја фигурата 134- Авесалом и 138- Давид) и затоа почна да планира како да се побуни против својот татко.

Еден ден отиде кај Давид со молба: "Дозволи ми да отидам во Хеброн за да го исплнам ветувањето што го дадов пред Господ. Ветив дека таму ќе му служам на Господ.

Давид со радост се согласи да му дозволи да оди во Хеброн за да го прослави и да му служи на Бог. (Отстранете ги фигурите). Беше среќен што неговиот убав син сака да го следи Господ. Но Авесалом го измами татко си. Тој едноставно го започнуваше својот план да се зацари наместо Давид. Авесалом беше бунтовен против својот татко и го мамеше. Дали ти го правиш тоа? Му велиш на татко ти дека си во паркот, а си на друго место. И велиш на мајка ти дека некоја пријателка ти ја дала чоколадата, а всушност ја купи ти со пари украдени од нејзината чанта. Не си одиш дома кога ти е кажано да го направиш тоа, не си ги собираш играчките. Тоа е погрешно. Бог вели: "Почитувај ги татко ти и мајка ти." Оваа заповед Бог ја повторува повеќе пати во Библијата. Кога се однесуваш како бунтовник дома ти си бунтовник кон Бог. Можеби твоите родители не се следбеници на Исус Христос, како што си ти. Можеш да ја покажеш својата љубов кон Него со тоа што ќе им бидеш послушен на родителите.

## Сцена 3 Авесалом и толпите

Веднаш откако излезе, Авесалом почна да го организира бунтот против Давид. Испрати гласници низ целата земја кои ги наговараа луѓето против царот. (Поставете ги фигурите 134 - Авесалом, 135, 136 и 137- толпите). Тие велеа: "Нам ни треба нов цар. Младиот Авесалом, кој е убав, популарен и пријателски расположен, ќе биде подобар цар од стариот Давид." Многу луѓе беа убедени од Авесалом и неговите поддржаватели во тоа и му се приклучија во бунтот.

Дури и Ахитофел, еден од мудрите луѓе, кој на Давид му даваше добри совети кога му беа потребни за да донесе мудри решенија, беше наговорен да му се придружи на Авесалом и на бунтовничката војска.

Авесалом се бунеше против својот татко, кој беше и цар. Го кршеше законот. Тоа е грев пред Бог - да се прекршуваат законите на една земја. Треба да ја почитувате полицијата и да не се дружите со луѓе кои имаат проблеми со законот.

Конечно, кога бунтот беше добро организиран, Давид слушна за она што се случува. Каков шок беше тоа за него, да слушне дека неговиот син се подигнал против него и дека наговорил луѓе како Ахитофел и многу други да се побунат против царот. Давид одлучи дека најмудрото нешто во моментот е бргу да избега од Ерусалим. Многу, многу луѓе му беа верни на Давид и тој можеше да смета на војниците кои заедно со него се беа бореле во многу битки. Затоа рече: "Да излеземе брзо пред Авесалом да дојде со неговата војска, да нѐ нападне овде и да го разурне Ерусалим".

## Сцена 4 Давид во бегство, толпи

(Поставете ги фигурите 139 - Давид, 140 и 146 - луѓе) Така Давид и многу други луѓе го напуштија градот. Кога излегуваа надвор, оставајќи го зад себе Ерусалим, беа многу тажни.

Какво страшно искуство, да мора да го напуштиш својот дом и град, поради тоа што твоите сонародници се подигнале да се борат против тебе. Додека ја поминуваа реката Кедрон и се качуваа по Маслинската гора, во Библијата читаме дека "сите луѓе плачеа со силен глас." И Давид горко плачеше.

Родитлите се многу повредени кога децата се бунтуваат. Ако имаш добри татко и мајка, твојата непослушност ќе им го скрши срцето. Помисли колку тага ќе донесеш дома. Помисли како се чувствува Бог кога децата се бунат против родителите, наставниците, законот, и најлошо од сѐ против Него. Бог е свет и добар и бунтовништвото Го лути.

Нѐ прима за свои деца, ни простува и се грижи за нас.

12. Која е важната вистина која ја научивме за Бог во ова лекција?
Бог е милостив кон грешните.




## Лекција 11

# Буната на Авесалом против Давид

**Библиски текст:** 2. Цар. 14:25,26;15:1-37; 16:15-20; 17:1-22; 18:1-33; 19:15.

**Централна вистина:** Не биди бунтовник како Авесалом.

**Примена:** *за неспасени деца:* Бунтовништвото носи страдање и одвојување од Бог.
*за спасени деца:* Ќе покажеш дека си спасен ако си послушен.

**Почеток:** Сакате ли да чуете добра шпиунска приказна?

**Развој на настаните:** Авесалом, Давидовиот син, е многу популарен (14:25).
Ги придобива срцата на луѓето (15:6) ЦВС и ЦВН.
Бара дозвола да оди во Хеброн (15:7) ЦВС и ЦВН.
Ахитофел го напушта Авесалом (15:12).
Давид бега (15:14).
Давид плаче (15:23, 215:30) ЦВ.
Хусиј оди кај Авесалом, како Давидов шпиун (15:34).
Авесалом го прима лошиот совет на Хусиј (17:14).
Хусиј му праќа информации на Давид (17:16).
Се води војна помеѓу двете војски (18:6).
Авесалом се заплетува со косата во гранките на едно дрво (18:6).

**Кулмнација:** Тој е убиен (18:14,15) ЦВН.
Давид жали кога ја дознава веста (18:33).

**Заклучок:** Давид се враќа во Ерусалим како цар (19.15) ЦВ.

**Стих за на памет:** Пс. 23:5 (или Пс. 27:1) Повторете го стихот од минатата седмица.

## ЛЕКЦИЈА

Сакате ли добра шпиунска приказна? Во нашата денешна лекција се зборува и за еден шпиун.Слушајте и внимавајте како добри детективи, па да видам дали ќе забележите кој е итриот шпиун.

### Сцена 1 Авесалом и толпа народ која му се восхитува

Давид имаше еден многу убав син по име Авесалом. (Поставете ја фигурата 134- Авесалом). Сите сметаа дека

в црква, со тоа што ќе сте добри, или со многу други добри работи кои ќе се обидете да ги направите.

Додека Мемфивостеј лежеше тресејќи се пред Давид тој ја протегна својата рака и рече, "Мемфивостеј, не се плаши!" Какви убави зборови на добредојде и милост. Давид продолжи:

"Сè што му припаѓаше на Саул и на целиот негов дом ти го давам тебе. И не само тоа, сакам да бидеш овде со мене во дворецот. Сакам да ми бидеш како син." (2. Цар, 9:9-11)

Мемфивостеј сигурно зина од изненадување. Сигурно не очекуваше такво нешто. Сигурно не го ни заслужуваше. Сè што можеше да рече беше: "Што е твојот слуга та погледна милостиво на таков мртов пес како мене?"

Бог Царот сака да ти покаже милост. Не ги заслужуваш Неговата љубов и милост, но Тој сака да бидеш со Него, да бидеш принц во Неговото семејство, да ти прости и да ти биде пријател. Ќе дојдеш ли денес понизно пред Него? Сфати дека си сиромав, дека не можеш да направиш ништо за да се спасиш, дека си Негов непријател, дека си Го наскрбил многу пати, дека си духовно куц - не одиш по правиот пат, дека се сопкаш и паѓаш во гревови. Ако дојдеш кај Него, таков каков што си, Тој ќе те прими.

Давид го прими Мемфивостеј поради неговата длабока љубов кон Јонатан. Бог ќе те прими поради Господ Исус Христос. Тој умре на крстот за твоите грвови и твоето бунтовништво против Бог. Сега може да дојдеш кај Бог преку Господ Исус и Тој ќе те прими. Дојди денес, тој ветува да те прими и да ти прости.

## Сцене 4 Давид, Мемфивостеј и Сиба

Откако зборуваше со Мемфивостеј, Давид го повика Сиба (поставете ја фигурата 127) и му рече, "Сета земја што припаѓаше на Саул и неговиот дом, ги давам на неговиот внук, Мемфивостеј. Ти ќе ја обработуваш земјата за него - ти твоите деца и слуги. Ќе му носиш плодови, жито и сè друго за да нема потреба од ништо, а Мемфивостеј ќе јаде на мојата трпеза."

Каво прекрасно нешто му се случи на Мемфивостеј. Цар Давид го прими и се погрижи за него за преостанатиот дел од неговиот живот. Сега тој беше богат син, со земја, слуги и стада. (Поставете ја фигурата 132- натоварено магаре).

Кога поверуваш во Господ Исус како твој Спасител Тој ти го простува гревот, Бог те прифаќа, но тоа не е сè! Бог те прави Негово дете, влегуваш во Неговото семејство (1. Јов. 1:12). Твојот Небесен Татко ќе се грижи за тебе засекогаш. Ќе ти даде сè што ти треба. Ќе те земе на небото за да живееш со Него засекогаш. Многу подобро е да си дете на Бог, кој е цар над сè, отколку да си син на земен цар.

И така минуваа годините. Всушност, не беше секогаш лесно за Мемфивостеј. Еднаш Сиба го измами и зборуваше лаги за него, но љубовта и верноста на Мемфивостеј кон Давид никогаш не се промениja.Тој го сакаше Давид, не само поради земјата, богатството и храната што му ги даде, туку затоа што Давид беше милостив и добар кон него.

Кога влезеш во Божјото семејство тоа е за секогаш. Ти ќе го запознаваш својот Небесен Татко подобро и ќе го сакаш сè повеќе и повеќе. Гледај колку е милостив кон тебе и често благодари му. Ако знаеш дека си во Неговото семејство, заблагодари Му за милоста. Ако не си во Божјото семејство, дали Бог ти зборува на срцето? Знаеш дека не заслужуваш да си Негово дете, но сакаш да бидеш. Можеш ако се одвратиш од сè што е лошо и поверуваш во Исус Христос за Тој да го земе твојот грев. Тогаш ќе видиш колку милост покажал Бог во твојот живот и ќе бидеш Негово дете.

## ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ

1. Колку години имаше Мемфивостеј кога падна?
   Пет години.

2. Какви беа лошите вести кои ја натераа дадилката да побегне со Мемфивостеј?
   Дека Филистејците ги победија Израелците и дека Саул и Јонатан се убиени.

3. Дури и кога порасна Мемфивостеј мислеше дека не може да се врати во палатата. Зошто?
   Мислеше дека ќе го убијат затоа што е син на Јонатан.

4. Што му беше ветил Давид на Јонатан?
   Дека ако Јонатан биде убиен, тој ќе се грижи за неговото семејство.

5. Имаше три нешта поради кои Мефивостеј се чувствуваше уплашен и бесполезен за Давид. Кои беа тие?
   Беше од непријателско семејство, беше куц и беше сиромав.

6. На кој начин сме му ние непријатели на Бог, Небесниот Цар?
   Не ги почитуваме неговите закони, Го жалостиме,не Го сакаме.

7. На кој начин сме сиромашни пред Него?
   Немаме што да Му дадеме или да направиме за нашето спасение.

8. На кој нечин сме куци пред Него?
   Не одиме и не можеме да одиме по Неговиот пат. Постојано паѓаме во грев и искушенија.

9. Како нè третира Бог, ако дојдеме понизно пред Него?
   Ни покажува љубов и нè прифаќа.

10. Наброј три благослови со кои Давид го благослови Мемфивостеј?
    Му даваше храна секој ден, му даде земја и слуги, го прими како син.

11. Наброј три благослови кои Бог ни ги дава кога ќе дојдеме кај Него преку Господ Исус.

преплашени. Си мислеа: "Многу бргу ќе дојдат Филистејците за да нè убијат нас и да ограбат и однесат сè што ќе можат да земат. Ајде да бегаме додека можеме."

Тогаш дадилката која се грижеше за Мемфивостеј го грабна бргу и побегна со него за да се сокрие. Веројатно го сожали малото момче останато без татко. Но додека бегаше, Мемфивостеј некако ѝ се лизна од рацете и падна на земја. (Отстранете ја 122 и поставете ја фигурата 123- дадилката и 124- момчето на земјата). Тој падна многу лошо и страшна болка ги пронижа обете негови стапала. Не можеше да застане. Сигурно плачеше од болка.

Дадилката бргу го подигна (поставете ја 122 на местото на 123 и 124) и продолжи да бега. Сигурен сум дека Мемфивостеј плачеше многу додека таа го држеше в раце. Но не смееше да запре. Беа во опасност. Можеби таа ги чуствуваше скршените коски во стапалата, но требаше да бега за да се спасат.

Конечно дојдоа на сигурно место каде што се сокрија, далеку од палатата. Поминаа недели и месеци и болката во стапалата полека се стиши, но малиот Мемфивостеј не можеше да оди, трча или игра како другите деца. Остана куц за останатиот дел од својот живот. (Поставете ја фигурата 133- возрасниот Мемфивостеј).

Дури и сега луѓето кои се грижеа за него сметаа дека сè уште е во опасност и не може да се врати во палатата. Тие слушнаа дека Давид е сега цар и се плашеа дека ако слушне дека Мемфивостеј е уште жив ќе го убие. Во тоа време кога некој ќе станел цар ги барал и убивал синовите на претходниот цар за никогаш да не може некој друг да се зацари на негово место.

## Сцена 2 Давид и Сиба

Сега Давид беше цар над целата земја. Бог го постави и го благослови. (Поставете ја фигурата 125- Давид на престолот). Мемфивостеј не го знаеше тоа, но Давид немаше намера да му направи ништо лошо. Напротив! Тој го помнеше ветувањето кое му го даде на Јонатан пред многу години. Тој вети дека, ако Јонатан биде убиен, тој ќе се грижи за неговото семејство. (Тоа истото го вети и Јонатан, ако беше Давид убиен). Давид често мислеше на својот добар пријател Јонатан и сакаше да го одржи ветувањето.

Поради Јонатан, секој член од неговото семејство беше добредојден кај Давид. (Поставете го натписот: "Бог е милостив кон грешните" на таблата). Како може светиот Бог да е милостив кон грешниците? Поради Неговиот Син Исус Христос, кој беше казнет за нашите гревови. Мемфивостеј немаше направено ништо за да биде примен од Давид. Ние не сме направиле ништо за Бог да нè прими. Напротив - направивме многу лоши работи што заслужуваат казна. Но Божјата милост е голема. Тој најде начин да ги спаси грешниците. Го даде Својот сопствен Син да биде казнет на крстот за нашиот грев. Бог го кани секој кој верува во Исус Христос. Ако дојдеш, таков каков што си, со сите свои гревови, Бог ќе те прими зашто Неговиот Син умре за тебе.

Слугите на Давид почнаа да бараат дали има некој останат од семејството на Саул и конечно го доведоа Сиба, управителот на дел од Сауловиот имот. (Поставете ја фигурата 127- Сиба). Давид му го постави истото прашање: "Има ли некој останат од Сауловото семејство за да му покажам милост поради Јонатан?"

Сиба сигурно беше изненаден. Очекуваше царот да рече "Има ли некој член од семејството на Саул за да го убијам?" Но тоа не беше намерата на Давид. Сиба одговори, "Да, има еден куц син".

"Каде е тој?" - праша Давид. Сиба му објасни дека живее во едно мало село далеку од Ерусалим и дека е одгледан во тајност, никогаш не доаѓајќи ниту блиску до Ерусалим.

"Оди и доведи го", заповеда Давид (отстранете го Сиба -127).

## Сцена 3 Давид и Мемфивостеј

Мемфивостеј требаше долго да патува до Ерусалим. Сигурно влезе со трепет. Можеби си мислеше: "Сега кога царот ме пронајде, сигурно ќе ме убие."

Кога беше доведен во палатата каде што беше Давид тој падна на своето лице пред него. Што мислите, зошто толку се плашеше?

Па, беше од **непријателско** семејство. (Поставете го натписот "непријател". Беше внук на лошиот цар Саул кој го мразеше Давид, го бркаше по планините, со години се обидуваше да го фати и убие.

Беше **куц**. (Поставете го натписот "куц"). Не можеше да работи или да оди. Што можеше да прави Давид со таков бескорисен човек освен да се ослободи од него? Беше **сиромав**. (Поставете го натписот "сиромав"). Беше сиромав зашто требаше да се крие како член на непријателско семејство и бидејќи не можеше да работи. Немаше богатство, ниту било што друго, кое можеше да му го даде на Давид за тој да го цени.

Знаете ли, момчиња и девојчиња, дека Мемфивостеј е слика на мене и вас кога доаѓаме пред Бог? Дали сме негови непријатели? Да, додека не се родите повторно во Неговото семејство и станете Негово дете, Библијата вели дека сте Божји непријатели. Вие не ја вршите волјата Божја, ги кршите Неговите закони, му свртевте грб на Бог, одите по свој пат и живеете само за себе. Не го сакате Бог и се однесувате како Негови непријатели.

Дали сте куци? Можеби ќе речеш: "Јас не куцам, можам да одам и трчам." Но не мислам физички (со телото). Мислам духовно. Додека не се родите повторно не можете да одите со Исус. Можеби се обидувате да бидете добри, но пак запаѓате в грев. Ѓаволот ве фаќа в замка зашто сте слаби. Вие сте духовно куци.

А дали сте сиромашни? Да, и вие сте сиромашни. Не поради тоа што немате пари или куќа. Но немате ништо што можете да Му дадете на Бог за да ве спаси. Не можете да си го купите спасението со пари, со одење

3. Како се викаше нејзиниот маж?
Урij.

4. Каква порака му испрати Давид на Јоав преку Урij?
Да го стави Урij во предната линија на битката за да биде убиен од непријателот.

5. Кога Давид изврши прељуба тој згреши кон неколку луѓе. Кои беа тие?
Кон Бог. Кон Вирсавеа, со тоа што ја натера и таа да согреши, кон нејзиниот маж, кон слугите, давајќи им лош пример.

6. Како се чувствуваше Давид откако согреши?
Се чувствуваше бедно.

7. Каква приказна му раскажа Натан?
За богатиот и сиромавиот кој имал мало јагне.

8. Зошто беше Давид сличен на богатиот човек?
Бог го беше благословил и заштитил, го направи цар, а тој му го зеде најмилото на Урij.

9. Како може Бог да ни ги прости моите и твоите гревови?
Само поради тоа што Господ Исус умре за нашите гревови, како што и требаше да умре за гревовите на Давид.

10. Натан му рече на Давид дека нешто лошо ќе се случи поради неговиот грев. Што беше тоа?
Дека бебето ќе умре, дека цел живот ќе има војни и дека некои од неговото семејство ќе се свртат против него.

11. Колку долго живееше бебето?
Седум дена откако Натан зборуваше со Давид.

12. Кажете ми пример за тоа како гревот донесува страдање, иако Бог ни простил за него.
Земањето дрога и неморалот можат да доведат до болест.






**Лекција 10**

# Давид и Мемфивостеј

**Библиски текст:** 2. Цар. 4:4; 9:1-13;16:1-4; 19:15, 24-30.

**Централна вистина:** Бог е милостив кон грешните.

**Примена:** *за спасени деца:* Бидете благодарни на Бог за неговата милост кон вас.
*за неспасени деца:* Ќе те направи свое дете, ако поверуваш во Исус.

**Почеток:** Мемфивостеј имаше лош почеток на животот.

**Развој на настаните:** Мемфивостеј, синот на Јонатан, беше осакатен како дете (2. Цар. 4:4).
Кога Давид стана цар тој ги побара синовите на Јонатан ЦВС.
Мемфивостеј, сиромав, куц и од непријателско семејство, доаѓа пред Давид ЦВН.

**Кулминација:** Тој го посвојува Мемфивостеј како син (2. Цар. 9:11) ЦВН.
Сиба, слугата кажува лаги за Мемфивостеј.
Мемфивостеј му останува верен на Давид ЦВС.

**Стих за на памет:** Пс. 23:5 (или Ефесјаните 4:32).

Поставете го јагнето како да се качува по ридот кон место каде го чекаат многу убави нешта. Објаснете дека Бог направил пат за своите дури и меѓу непријателите и ги задоволува нивните потреби.

**Визуелни помагала:** Напишете ги зборовите "сиромав", "куц" и "непријател" на три парчиња хартија или хамер. Поставете ги на таблата кога ќе ги спомнете во текстот. Подгответе ја и централната вистина "Бог е милостив кон грешните" и поставете ја.

## ЛЕКЦИЈА

### Сцена 1 Мемфивостеј и дадилката

Животот на Мемфивостеј почна лошо. Тој беше син на Јонатан. (Поставете ја фигурата 122 - дадилка со Мемфивостеј во рацете). Има тешко име, нели? Ајде заедно да го изговориме: Мем-фи-во-стеј. Еден ден кога имаше само 5 години, слушна шум и викање надвор од собата во која си играше. Тој не разбираше што се случува, но пристигнаа лоши вести. Тоа беше кога Филистејците ги победија Израелците и ги убија Саул, Јонатан и неговите браќа. (Се сеќавате ли, ова ви го кажував пред неколку седмици?) Па, може да ја замислите тагата во палатата кога слушнаа за поразот на нивната армија и за смртта на нивниот цар Саул, неговиот син Јонатан и другите принцови. Луѓето беа

грев. Можеби како и кај Давид, многу малку луѓе знаат за твојот грев, но Бог сигурно знае и она што го правиш не е по Негова волја.

Бог знае сè за твојот грев, но сепак те сака. Толку многу те сака што го испрати Господ Исус, Својот единствен Син од небото на овој свет заради тебе. Исус живееше повеќе од 30 години на земјата без ниту еднаш да помисли нешто грешно или да рече лош збор. Беше безгрешен, но умре за мојот и твојот грев. Тој ја понесе казната што ние ја заслужививмезаради нашите гревови. Меѓутоа Исус Христос не остана мртов. Тој воскресна од мртвите и сега пак е засекогаш жив.

Заради тоа што Неговиот Син ја понесе твојата казна, Бог може да ти прости. Дојди кај Бог денес. Кажи Му дека ти е жал за гревовите! Замоли го да ти прости, и да дојде да живее во твојот живот засекогаш. Кога Тој живее во тебе, може да ти ја даде силата да ги победиш искушенијата кои се насекаде околу тебе.

Сакаш ли да дознаеш нешто повеќе за тоа како Господ може да дојде во твојот живот? Имаш ли прашања како да ги победиш искушенијата? Можеш да разговараш со мене по состанокот. Едноставно дојди и седни на едно од местата во првиот ред.

Не многу месеци подоцна Давид и Вирсавеа имаа бебе, момче. Тоа беше среќен ден во нивниот живот, но сепак Давид беше уште долго време многу, многу несреќен. Тој знаеше дека погрешил и тоа го правеше несреќен. Во тоа време напиша неколку псалми и во нив кажува колку се чувствуваше несреќен и беден поради својот грев. Гревот секогаш го прави тоа. Се чувствуваме несреќни кога совеста нè потсетува на она што сме го згрешиле и дека Бог е незадоволен со нас. (Отстранете ги фигурите 117 и 118).

## Сцена 5 Давид и Натан

Еден ден Давид имаше посетител во дворецот. Тоа беше пророк Натан. (Поставете ги фигурите 117 и 121- Натан). Тие беа добри пријатели и често разговараа заедно.

"Давид", рече Натан, "Имам нешто важно да ти кажам. Имаше двајца соседи. Едниот беше богат, а другиот сиромав. Богатиот имаше големи стада овци и говеда. Сиромавиот немаше ништо освен едно мало јагне. (Ако ги имате фигурите од "Животот на Давид"- прв дел, може да ги употребите фигурите 28 а-д - јагнињата и да ги поставите на една страна од таблата). Тоа јагне беше љубимец на семејството. Го хранеше заедно со децата и тие си играа со него. Беше како мало дете во семејството.

Еден ден дојдоа гости кај богатиот и тој знаеше дека треба да им подготви јадење. Но наместо да убие едно од многуте животни од своите стада , богатиот отиде кај бедниот, го зема неговото омилено јагне и го закла."

Кога Давид го слушна тоа се разлути. "Овој човек заслужува да умре", рече тој. Натан го погледна право во очите и му рече: "Ти си овој човек. Ова е порака од Бог. Ти си како богатиот зашто Бог ти дал толку многу добри нешта. Те заштити од Саул, те направи цар, ти ја даде целата земја да владееш нд неа, и многу други благослови. Но ти отиде и го зеде од сиромавиот Урија она малку што го имаше - му ја зеде жената што многу ја сакаше. И Бог ќе те казни за тоа што го направи. Постојано ќе имаш војни, па дури и некои од твоето семејство ќе се дигнат против тебе." (Променете ја фигуратата 117 со 120- Давид како клечи). Давид знаеше дека згреши. Бог веќе му го кажуваше тоа, а сега тоа му го кажа преку пророк Натан. Со тага тој рече: "Згрешив против Господ."

Натан му одговори: "Бог ти простува". Давид не го исповеда гревот пред Натан. Не беше Натан тој кој му прости, туку самиот Бог.

Давид најпосле го направи тоа што беше правилно, нели? Тој искрено ги призна своите гревови пред Бог. Господ ветува: "Ако ги исповедаме гревовите свои, Тој е верен и праведен да ни ги прости гревовите и да нè очисти од секаква неправда" (1. Јов. 1:9).

Сега Давид можеше да рече: "Блажени се оние чиј грев е покриен" (Пс. 32:1). Давид го сакаше Бог и сепак згреши. Дали и ти си паднал во грев, иако си дете Божјо? Можеби гревот не е толку страшен како оној на Давид, но сепак е грев и не е по волјата Божја. Како што направи Давид, исповедај го гревот и замоли го Бог да те очисти.

Кога ќе пораснеш, веројатно ќе стапиш во брак. Бог сака да ѝ бидеш верен на својата жена или на својот маж. Не треба да има ниту една друга личност со која ќе живееш освен со неа. Реши го тоа уште сега!

Често пати на телевизија гледаш како оженети мажи живеат со други жени. Или пак мажени жени кои имаат други мажи како љубовници. Тоа е погрешно. Библијата тоа го нарекува "прељуба" и го разжалостува и навредува Бог. Тоа не е за тебе.

Натан имаше уште нешто да каже. "Давид", рече тој, "Бог ти прости, но заради твојот грев бебето ќе умре." Гревот донесува страдање. На пример, ако се дрогираш и тогаш искрено се покаеш пред Господ и побараш Тој да ти прости, Тој ќе го направи тоа, но веројатно ќе имаш нарушено здравје поради тоа. Или, да ви кажам друг пример - човек кој живее со многу други жени. Ако навистина се покае, Бог ќе му прости, но може да се разболел од една лоша болест наречена СИДА поради својот нечист живот.

Давид се молеше и постеше, но на седмиот ден бебето навистина умре, како што рече Бог. Каква тажно поглавје во живото на Давид. Запомни да се одвратиш од сите нечисти нешта кои не се по волјата на Бог и кои те одвојуваат од Него.

## ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ

1. Каков грев направи Давид кога ја зеде туѓата жена?
   Прељуба.
2. Како се виакше жената?
   Вирсавеа

Библијата Бог јасно вели: "Да не вршиш прељуба." Тоа значи дека мажот треба да ѝ биде верен на својата жена. Никогаш не треба да оди во кревет и да води љубов со друга жена. Ниту пак жената не треба да има друг маж освен нејзиниот сопруг.

Бог го направи бракот така што мажот може да има само една посебна жена која ќе му биде сопруга, која ќе ја сака и за која ќе се грижи. Исто и жената, на ист начин има само еден посебен маж кој го сака и со кој живее- и ниту еден друг маж. Така нè учи Бог во Неговиот Збор. И Давид многу го разлути Бог со тоа што изврши прељуба.

## Сцена 1 Давид сам

Сè почна во пролет. Војската на цар Давид пак беше во војна. Но Давид остана во својот дворец во Ерусалим. (Поставете ја фигуратата 117). Една вечер тој отиде да се прошета по рамниот покрив на својот дворец. Гледајќи кон соседната куќа, виде една убава жена како се капе.

"Која е таа жена?" запраша тој еден слуга. "Таа е Вирсавеа, жената на Уриј", беше одговорот.

## Сцена 2 Давид и Вирсавеа

(Поставете ја фигуратата 118, Вирсавеа). Давид беше женет и сега знаеше дека Вирсавеа е исто така мажена, но сепак Давид испрати слуги да му ја доведат во палатата за да води љубов со неа. Неговиот грев почна со поглед, потоа му дозволи на својот ум да се исполни со зли мисли и тоа на крај доведе до прељуба. Внимавајте, момчиња и девојки, што гледате - многу нешта започнуваат таму. Многу често тоа се видео лентите кои ги изнајмувате, ТВ програмите што ги гледате, списанијата кои ги има во вашите домови. Често пати тие се полни со валкани раскази и слики. Ако си христијанин и има нешто такво на телевизија (како кога маж води љубов со жена, која не е неговата), смени ја програмата, напушти ја собата, или пак угасни го телевизорот. Не слушај вицеви и приказни за секс. Избегнувај ги или кажи дека не сакаш да слушаш такви работи.Немој самиот ти да ги кажуваш. Бог сака да имаш чист ум и дела. Господ Исус вели дека во Неговите очи е исто да мислиш лоши нешта, како и да ги правиш (Мат. 5:28). Замоли го твојот Небесен Татко да ти даде сила кога си во искушение, за да останеш чист и да не гледаш валкани нешта, само заради тоа што и другите го прават. Тој ветува да ти помогне ако го замолиш.

Тој вели, "Кога праведниот повика, Господ го слуша од небото и ќе го избави од сите неволји" (Пс. 34:17).

Вирсавеа се врати дома таа ноќ (отстранете ги 117 и118). Но еден ден таа испрати порака до царот, во која таа велеше: "Цар Давид, јас ќе имам бебе. Ти си таткото, а не Уриј, мојот маж." Нештата почнаа да се комплицираат, нели?

## Сцена 3 Давид и Уриј

Уриј беше војник и се бореше под водството на Јоав, најдобриот Давидов генерал. Така Давид испрати порака до Јоав за тој да му дозволи на Уриј неколку дена отсуство да се врати дома и да го информира Давид во Ерусалим. (Поставете ги фигурите 117 и 119 - Уриј).

Уриј се врати и му рапортираше на Давид за сè што се случува на бојното поле. "Сега врати се кај жена ти"- му рече Давид,"а јас ќе ти испратам храна за добра вечера." Но Уриј не сакаше да отиде дома, туку спиеше заедно со другите слуги пред вратата од дворецот. Следниот ден царот го праша "Зошто не отиде дома?" - а Уриј одговори:"Не можам, а да не мислам на другите војници кои логоруваат на отворено, дури и генерал Јоав. Како да одам дома, да се одморам и опуштам во удобен кревет, кога другите ја немаат таа привилегија?"

Давид пак го покани да остане цел ден во дворецот, го хранеше и му даде да пие многу вино и пак го тераше да оди дома и да ја помине ноќта со жена му. (Ако децата се мали можете да го избегнете следниот параграф).

Знаете, Давид сакаше луѓето да мислат дека бебето кое требаше да ѝ се роди на Вирсавеа е зачнато кога Уриј беше дома, кога ја помина ноќта со неа. Но и таа ноќ Уриј спиеше пред вратата од дворецот и не отиде дома да спие со Вирсавеа.

Давид сфати дека кога ќе се роди бебето на сите ќе им биде јасно дека Уриј не е таткото, зашто не беше дома кај жена му повеќе месеци. Затоа тој испланира уште еден подол чекор. Реши да го убие Уриј. Му напиша писмо на Јоав во кое велеше: "Кога ќе се борите да го преземете непријателскиот град, стави го Уриј на предната линија. Кога непријателите ќе возвратат на нападот, повлечи ги другите и остави го Уриј сам." (Отстранете ја фигуратата 119). Кутриот Уриј го однесе запечатеното писмо на Јоав. Сигурен сум дека не знаеше дека носи упатства за тоа како да биде убиен!

Кога Јоав го доби писмото, направи како што цар Давид беше заповедал. Уриј беше погоден од непријателска стрела, кога беше оставен сам на тоа опасно место во првата борбена линија. Всушност Давид изврши убиство, нели? Тој сакаше да се осигури дека Уриј ќе биде убиен.

## Сцена 4 Давид и Вирсавеа

Кога Вирсавеа слушна дека мажот ѝ е мртов, таа го жалеше. Тогаш еден ден Давид дојде кај неа и ја зема во палатата да биде негова жена. (Поставете ги фигурите 117 и 118). Многу малку луѓе знаеја што сè се случи и како Давид го уби Уриј за да ја земе неговата жена. Но Бог знаеше и читаме во Библијата дека "тоа нешто го налути Господ" (2. Цар. 11:26).

Да, така беше. Сега Давид беше прекршил две Божји заповеди: изврши прељуба и убиство. Еден грев води во друг. Дали ти се случило тоа и тебе? Нема да напишеш домашно затоа што те мрзи; потоа ќе излажеш за да ја покриеш мрзливоста, и така натаму. Еден грев води во друг. Или, можеби си видел нешто лошо или непристојно на видео или во часопис. Тоа влегува во твојот ум и многу мислиш на него, а потоа ќе кажеш некоја непристојна шега или ќе направиш нешто од кое подоцна ќе се срамиш. Погледот води до мисла, а мислата до дело. Како што гревот на Давид го налути Бог, така го лути и твојот

9. Како беше рекол Бог да се носи ковчегот?
Покриен со сино платно, со стапови преку алките на страната на ковчегот, носен на рамења.

10. Каква сериозна грешка направи Давид и кој беше резултатот?
Тој реши да го носи ковчегот на кола. Оз го допре и умре.

11. Кои беа важните зборови кои ги ставив на таблата и кои ги повторив неколку пати?
Бог е свет.

12. Ако Бог е свет што очекува од нас да правиме?
Неспасени- да се обрнеме од гревовите кои нè разделуваат од Него. Спасени - да бидеме свети како Него.

## Предложени активности за вклучување на учениците по лекцијата

**Сцена 1:** Некои деца можат да го драматизираат воведот на лекцијата во кој Ненад и Даниела гледаат како другите деца се невнимателни и немаат почит кон црквата или неделното училиште.

**Сцена 2.** По службата тие многу љубезно им објаснуваат на другите деца дека таквиот однос не е правилен затоа што Бог е свет. Тие може да ја раскажат историјата со Оз.




### Лекција 9б

# Давид и Вирсавеа

**Библиски текст:** 2 Цар. 11:1-27,12:1-24

**Централна вистина:** Не врши прељуба.

**Примена:** *за спасени и неспасени деца* - Бог сака да живееме чист живот.
Остави го нечистиот живот кој те разделува од Бог.

**Почеток:** "Што е со тебе, Јана?" ЦВ.

**Развој на настаните:** Давид останува во Ерусалим (2. Цар. 11:1).
Врши прељуба со Вирсавеа (11:4) ЦВС и ЦВН.
Ја планира смртта на Урија (11:17).
Вирсавија станува жена на Давид (11:27) ЦВН.
Се раѓа бебето (11:27).
Натан го изобличува Давид (12:7).

**Кулминација:** Давид се кае и Бог му опростува. (12:13) ЦВС.

**Заклучок:** Бебето умира, иако Давид се моли (12:18) ЦВ.

**Стих за напамет:** За ова додатна лекција може да го прескокнете Псалм 23 и децата да ги поучувате на стихот од 1. Тим. 5:22б: "Во туѓи гревови да не станувaш соучесник. Пази се себе чист!"

## ЛЕКЦИЈА

(За воведот може да ја употребите сликата на Даниела од минатата лекција и сликата на некое друго девојче на иста возраст).

"Што е со тебе, Јана?" праша Даниела.

Јана, нејзината најдобра другарка изгледаше толку тажна. За време на одморот таа си ја потпре главата со рака и тивко плачеше. Таа не јадеше ужина и изгледаше жално.

Бидејќи Даниела беше љубезна и се обидуваше да ја утеши, Јана најпосле ѝ го кажа својот проблем. "Нешто страшно се случи во нашето семејство", рече таа "Тато нè остави и отиде да живее со друга жена. Се чувствуваме толку несреќни и осамени."

Момчиња и девојчиња, има многу несреќни домови каде таткото го оставил семејството и отишол да живее со друга жена и да ја сака неа наместо својата. Понекогаш мајката го остава семејството за да живее со друг маж. Таквите луѓе вршат голема неправда кон своите семејства, но уште повеќе тие грешат спрема Бог. Во

народ дека Тој е свет Бог и треба да го почитуваат Неговото Слово и да се однесуваат со стравопочит кон Неговото присуство.

Поради тоа што некои луѓе умреа, Израелците се уплашија да го носат ковчегот понатаму и го оставија во куќата на еден човек, каде што остана речиси сто години, сè до времето кога Давид стана цар во Ерусалим.

### Сцена 2 Давид го враќа ковчегот

Давид сакаше да го обожава и почитува Бог. Тој знаеше каде е ковчегот и сакаше да го донесе во Ерусалим, главниот град. Затоа изврши големи подготовки да го донесе. Тргна со 30.000 мажи до градот каде што го чуваа. Беше направена посебна кола за ковчегот влечена од волови. (Поставете ги фигурите 112 - Давид, 115 - мажи, 113 - кола и ковчег, 114 - Оз.)

Давид и 30.000 мажи маршираа пред ковчегот. Имаше и оркестар со секакви инструменти што свиреа песни пред Бог. Беше многу радосен ден кога ковчегот се носеше кон Ерусалим, откако беше далеку од него толку многу години.

Но Давид направи сериозна грешка. Не ги следеше инструкциите што ги беше дал Бог дадеи за носењето на ковчегот. Многу години пред тоа Бог беше рекол дека ако ковчегот треба да се носи некаде, треба да биде покриен со сино платно, низ алките од страните треба да се протнат мотки и да се носи врз рамињата на луѓето наречени свештеници. Нивна работа беше да се грижат за ковчегот. Но Бог беше рекол дека ниту тие не смеат да го допрат ковчегот.

Давид не го послуша она што го рече Бог. Или заборави, или мислеше дека не е важно. Го ставија ковчегот врз колата и воловите повлекоа. Кога големата процесија тргна напред, одеднаш на едно нерамно место кола се накриви и ковчегот почна да се лизга. Еден човек по име Оз, кој беше близу, со раката сакаше да го задржи ковчегот да не падне и тој веднаш умре. Библијата вели дека Бог му се налути на Оз и го уби. (Заменете ја фигуратата 114 со 116 - мртвиот Оз).

Зошто умре Оз? Тоа се прашуваше и Давид. Бидејќи го допре ковчегот, а Бог јасно нагласи дека не сака никој да го допира. Тој требаше да го поучи својот народ дека е свет и треба да го сфаќаат сериозно. Гревот не може да биде во Неговото присуство. Оваа историја е напишана во Библијата за и ти и јас да научиме дека Бог е свет. Ако твојот живот е полн со грев, не можеш да бидеш таму каде што е Бог. Имаш ли грешен живот? Кажуваш ли лаги? Дали си непослушен? Го кршиш ли Божиот закон со тоа што крадеш и мамиш? Твоите гревови се многу сериозни во очите на светиот Бог и тоа те оддалечува од Него.

Но, иако си согрешил и иако Бог го мрази гревот зашто е чист, Тој многу те сака. Тој го испрати Господ Исус да биде казнет за твојот грев. Тој умре на крстот за тебе. Ќе се обратиш ли кон Него денес, исповедајќи го својот грев и молејќи го да ти прости и да те направи свое дете? Денес Тој ќе те спаси зашто ветил: "Кој го призове Господовото име ќе се спаси" (Рим. 10:13).

Сега Давид се уплаши и реши да не го носи ковчегот во Ерусалим. Го остави во куќата на еден човек по име Обед-Едом. Бог го благослови него и неговото семејство додека ковчегот беше во неговиот дом. По три месеци Давид реши да се обиде да го пренесе ковчегот во Ерусалим. Овој пат тоа го направи како што треба. (Поставете ја фигуратата 111). Тој ги исполни Божјите инструкции за носењето на ковчегот. Повторно имаше голема поворка и музика со труби и луѓе кои играа од радост додека ковчегот бавно го носеа нагоре по ридот кон Ерусалим. Го ставија во шаторот што Давид го беше направил за него. Тој ден на Господ му беа жртвувани многу животни, додека луѓето Го прославуваа и Му благодареа.

Требаше долго време за да се врати ковчегот и неколку луѓе умреа по патот поради непослушност кон Божјиот Збор. Но дали најпосле научија дека Бог е многу свет и чист?

Момчиња и девојчиња кои го љубите Господ, дали сфаќате дека Бог е свет и дека Тој очекува од вас да бидете свети? Тој живее во вас преку Светиот Дух и може да ви помогне да живеете добар, чист и свет живот.

Но ако сè уште не си спасен, обрати се од гревовите денес и замоли Го Бог за опростување. Ако не го направиш тоа, тогаш гревот ќе те држи далеку од Бог сега и засекогаш.

## ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ

1. Зошто Израелците војници еден ден извикаа силно во логорот?
   Затоа што беше донесен ковчегот на заветот.

2. Кажи едно нешто што беше во ковчегот.
   Камените плочи со Божјите заповеди

3. Што очекуваа Израелците да се случи сега, кога ковчегот беше во логорот?
   Очекуваа нивниот пораз од Филистејците да се преобрати во победа.

4. Зошто Бог дозволи уште еднаш да бидат поразени?
   Затоа што беа непослушни кон Бог. Неговиот закон беше во ковчегот, но не и во нивните срца и животи.

5. Каде Филистејците го ставија ковчегот?
   Во храмот на нивниот бог Дагон.

6. Што се случи со Дагон?
   Тој падна пред ковчегот, а вториот пат му се скршија рацете и главата.

7. Што ги им кажуваше Бог на Филистејците?
   Дека Тој не е само уште еден бог, дека Тој е единствениот вистински Бог, творец на сè.

8. Кога Филистејците го вратија ковчегот, тој остана речиси 100 години во едно мало гратче. Зошто?
   Некои луѓе погледнаа внатре во ковчегот и умреа; затоа луѓето се исплашија од ковчегот.

Даниела се почувствуваа многу неудобно бидејќи тие отсекогаш беа поучувани дека, иако Бог нè сака многу, Тој е исто така свет и треба да му се одаде чест и почит. (Поставете го на таблата натписот "Бог е свет").

Тоа е вистина, нели? Тоа е нешто на кое самиот Бог сакаше да го научи Својот народ, Израелците.

## Сцена 1 Војници и ковчег

Многу години пред Давид да стане цар се водеше војна помеѓу Израелците и Филистејците. Тоа беше во времето кога Божиот народ беше непослушен на Божиот закон, и затоа Бог им дозволи на Филистејците да победат. Израелските војници во нивниот логор беа обесхрабрени (поставете ја фигурата 110) и тогаш смислија план како да победат.

Еден гласник истрча од кампот и се изгуби зад ридот. Не помина многу и тој се врати, но сега се движеше пополека, а со него имаше и други луѓе. Врз своите рамиња тие носеа нешто покриено со сина покривка. (Поставете ги фигурите 109 - војници и 111 - ковчег).

Загриженоит израз на лицата на војниците се смени во задоволство и кога луѓето со товарот врз рамењата се приближија до логорот, сета војска почна да вика и да се радува. Библијата вели дека од нивното викање се потресе земјата.

Филистејците,кои беа недалеку во својот логор ги слушнаа виковите и се прашуваа што се случува. Тиа дознаа дека предметот покриен со сино платно беше Божјиот ковчег. Дозволете ми да ви објаснам што значи тоа.

Многу години пред тоа Бог му беше рекол на својот народ да направи ковчег. (Не зборувам за Ноевиот ковчег, туку за друг). Тој беше направен од дрво прекриено со злато. Капакот беше направен од чисто злато со херувими (суштества слични на ангели) врз него. Овој ковчег се чуваше во специјален шатор наречен Шатор на состанокот. Тој имаше два дела и само еден човек можеше да влегува во оној дел каде што беше ковчегот. И таму смееше да влезе само еднаш годишно. Тој човек беше наречен првосвештеник. На никој друг не му беше дозволено да го види овој посебен ковчег. Во него имаше неколку нешта, вклучувајќи ги и двете камени плочи врз кои беше напишан Божјиот закон. Тие требаше да им напомнуваат на луѓето дека нивниот Бог, кој е секогаш со нив е свет Бог. "Свет" значи дека Бог е поинаков, одвоен и различен од човечките суштества. Тој е чист и добар. Тој е толку чист што дури не може да гледа на гревот. Многу пати на телевизија гледаме нешта што ни на сон не би ги направиле, но сакаме да ги гледаме. Но Бог е толку чист што не може да го толерира гревот. Тој е сиот добрина. Тој е сиот светлина. Ништо грешно не може да Му се приближи, зашто ќе изгори од Неговата светост.

Викањето од Израелската војска се слушна затоа што мислеа дека сега, кога ковчегот е со нив, тие сигурно ќе ја добијат битката. Филистејците се исплашија и си рекоа помеѓу себе: "Боговите дојдоа во нивниот логор". Тие имаа слушнато за големите чуда кои Бог ги направи за својот народ, но тие мислеа дека тој е само еден од боговите. Тие не разбираа дека Бог е Единствениот Бог и дека Тој е потполно свет. Филистејците одлучија да се борат подобро од секогаш.

Наскоро пак започна борбата. Кој мислите дека победи овој пат? Израелците очекуваа дека лесно ќе победат, а и Филистејците се плашеа дека ќе биде така. Но не! Израелците беа повторно победени. Овој пат 30.000 војници беа убиени и Божјиот ковчег беше заробен. Каква катастрофа!

Зошто Бог дозволи неговиот народ да биде победен? Поради нивната непослушност. Тие го носеа Неговиот законот во ковчегот, но нивните дела и нивните срца им беа непослушни на истите закони. Тие лажеа, мамеа и крадеа. Најлошо од сè, Бог не беше на прво место во нивните животи.

Христијански момчиња и девојчиња, вие не го носите ковчегот со Божјото Слово во него. Можеби го носите Божјото Слово во вашите глави. Можеби мислиш: "Јас знам многу за Бог; научив многу библиски приказни; можам да кажам многу Библиски стихови на памет." Тоа е многу добро, но за Бог е поважно дали си му послушен на Неговото Слово. Тој е чист е добар и очекува и ти да бидеш таков. Размислуваш ли за стиховите и лекциите што ги учиш овде во клубот? Дали си го замолил Бог да ти помогне да бидеш послушен? Дали во текот на минатата седмица се сети дека Божјиот збор никогаш не пропаѓа? Дали Му заблагодари за тоа? Кога разбравте за последиците од лошото друштво, дали решивте да ја послушате таа Божја заповед? Не е толку важно колку од Библијата имаш во главата. Она што е важно за Бог е колку си ѝ послушен.

Филистејците со радост го носеа ковчегот Божји назад во својата земја, заедно со останатиот плен. Тие го ставија ковчегот во храмот на еден од нивните пагански богови - Дагон и ги затворија вратите.

Кога другото утро ги отворија вратите на храмот знаете ли што најдоа? Дагон беше паднал со лицето кон земјата пред ковчегот. Тие пак го подигнаа. Следното утро, кога ги отворија вратите, Дагон пак беше на земјата. Овој пат неговата глава и раце беа слршени! Само телото му беше останало. И така тие го преместија ковчегот на друго место. Но каде и отидеше ковчегот, Бог испраќаше болест и смрт. Што сакаше Бог да ги научи овие луѓе? Дека Тој не е само уште еден Бог, дека Тој е единствениот Бог. Тој е Творец на сè. Тој е чист и свет. Другите "богови" како Дагон се само идоли без никаква сила. Тие се само парче дрво или камен. Иако имаат глави тие не гледаат, не слушаат и не мислат. Иако имаат раце тие не можат да направат ништо. А кутриот Дагон немаше веќе ни раце, ни глава!

Најпосле Филистејците решија да го вратат ковчегот назад во Израел. Тие зедоа чиста, нова кола, впрегнаа две крави за да влечат и врз неа го ставија ковчегот. Колата тргна по патот кон Израел. Кога стигна до границата, израелците од најблискиот град ја пресретнаа со голема радост. Но некои луѓе, заборавајќи што беше рекол Бог погледнаа во ковчегот. На место умреа! На овој суров начин Бог сакаше да му напомни на својот




**Лекција 9**

# Ковчегот на заветот заробен и повторно вратен

**Библиски текст:** 1. Царства 4:2-11; 5:1-6,21; 2. Царства 6:1-1; 4. Мојсеева 4:5,15,20.

**Централна вистина:** Бог е свет.

**Примена:** *за спасени деца:* И вие треба да сте свети.
*за неспасени деца:*Покајте се за гревовите кои ве оддалечуваат од Бог.

**Почеток:** Ненад и Даниела на црква- ЦВ.
Ковчегот е донесен во логорот на Израелците ЦВ.

**Развој на настаните:** Ковчегот е заробен од Филистејците (1.Цар. 4:11) ЦВС.
Ковчегот е поставен во храмот на Дагон (5:2).
Дагон паѓа скршен пред ковчегот (5:4) ЦВ.
Бог праќа казни и смрт врз Филистејците (5:12).
Ковчегот е вратен со воловска кола (6:11).
Израелците го примаат ковчегот (6:14).
Некои погледнуваат внатре во него и умираат (6:19) ЦВ.
Давид го враќа ковчегот (2. Цар. 6:3).
Оз го допира ковчегот и умира (6:7) ЦВН.
Ковчегот е оставен во куќата на Обед-Едом (6:10).

**Кулминација:** Давид го донесува ковчегот во Ерусалим (6:17) ЦВ.

**Заклучок:** Тој го поставува во шаторот на состанокот.

**Стих за напамет:** Пс. 23:4 Повторете го стихот од минатата седмица (или пак Ис. 55:8).

## ЛЕКЦИЈА

Ненад и Даниела одеа в црква секоја недела со нивните родители. (Употребете ја сликата на децата од лекција 7б). Беа научени тивко да влезат во зградата и да седнат без да разговараат, знаејќи дека Бог е свет и треба да се има почит кон Него во Неговото присуство и Неговиот дом. Кога семејството отиде на одмор, отидоа во друга црква и тие забележаа дека некои луѓе во зградата гледаа околу себе додека ги пееја песните. Тие многу не мислеа на Бог додека пееја. За време на молитвата тие воопшто не покажуваа почит. Ненад и

со тебе! (2. Цар. 7:3). Но Натан не застана да го праша Бог дали Давид да гради храм.

Таа ноќ откако си легна, Натан се прашуваше дали му даде правилен совет на Давид. Дали Бог навистина сакаше Давид да го изгради храмот? Самиот Бог му проговори на Натан и му рече: "Натан, не, Давид нема да го гради храмот. Јас сум среќен дека луѓето ми се поклонуваат во шаторот. Јас ќе го благословам Давид и ќе бидам со него, но нема да биде тој, туку еден од неговите синови ќе ми изгради храм. Тоа ќе стане по смртта на Давид."

Рано наутро Натан пак се врати кај Давид. Можеби малку се чувствуваше засрамен што го беше советувал без да го праша Бог. Натан му даде погрешен совет на Давид. Сега тој му ја објасни пораката која Бог му ја даде во текот на ноќта. Цар Давид беше задоволен дека иако нема да биде тој, сепак еден од неговите синови ќе го изгради храмот. Сепак, Давид можеше да помогне многу. Тој организираше да се собере доста од потребниот материјал.

Храмот не беше изграден од Давид, бидејќи Бог рече "не". Божиот збор не се менува. Запомнете го тоа, девојчиња и момчиња. Во Словото Тој ни дава предупредувања, исто како и ветувања. Треба да ги послушаме Неговите ветувања и предупредувања бидејќи и обете се исполнуваат. Тој те предупредува дека ако продолжиш на твојот грешен пат, никогаш не ќе бидеш со Него заедно во Небото. Засекогаш ќе бидеш надвор од Неговото присуство. Но ако се одвратиш од твојот грев кон Господ Исус, за тебе има прекрасно ветување. Бог ќе се погрижи тоа да се исполни. Тоа ветување е: "Кој го призове името Господово, ќе се спаси." Ќе извикаш ли кон Него денес?

## ИГРА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ

Направете круна од лесен картон која ќе може да застане врз главата на дете. Обложете ја со златна фолија или сличен материјал. Дозволете им на децата да изберат "цар" (или царица) и да му ја стават круната врз главата. Потоа децата му поставуваат прашање на "царот" (царицата) од животот на Давид. Ако "царот" (царицата) го знае одговорот ќе ја зачува круната и децата продолжуваат со прашањата. Ако не одговори ја дава круната на детето што го поставило прашањето. Тоа е сега царот (царицата) и него му поставуваат прашања. Можете на децата да им диозволите да ги користат следниве прашања, а и да смислат свои.

1. Луѓето понекогаш даваат ветувања кои не ги исполнуваат. Можете ли да ми кажете неколку причини зошто е тоа така?
   Се случуваат некои работи што ги оневозможуваат, се предомислуваат, или пак забораваат.

2. Зошто Бог секогаш ги исполнува своите ветувања?
   Тој е Семоќен и ништо не може да го измени Неговиот план.Тој не заборава и не се менува.

3. Што му се случи на Давид кога се врати од Зиклаг да живее во Хеброн?
   Луѓето од Јудиното племе го направија свој цар.

4. Колку време беше Давид цар над Јуда?
   Повеќе од 7 години. (Почно седум и половина години).

5. Дали Божјото ветување се исполни со тоа што Давид стана цар над Јуда?
   Само делумно зашто Бог беше ветил дека тој ќе биде цар над целиот Израел.

6. Можете ли да ми дадете друг пример на ветување кое Бог го одржа?
   На пример: Тој го испрати својот Син да се роди во Витлеем и да умре на крст за грешните. Или, било кое ветување за помош и сила на оние кои веруваат во Него.

7. Можете ли да ми дадете пример на предупредување кое го дал Бог, а кое, исто така, ќе се исполни?
   На пример: Тој ќе го суди светот. Ако умреме во грев не можеме да бидеме со Него. Ако не веруваме во Него, ние сме веќе осудени.

8. Што направи Авенир на север во Израел што доведе до долга војна?
   Тој го постави Јевостеј, Сауловиот син, за цар над остатокот од земјата.

9. Кога се скара со Јевостеј, Сауловиот син, каде отиде Авесир?
   Го остави Јевостеј и почна да работи за Давид за да му помогне да стане цар над целата земја.

10. Кој беше Јоав и што направи?
   Тој беше генерал на Давид и го уби Авенир.

11. Кажете ми две нешта што Давид ги направи откако стана цар?
   Го заседе Ерусалим и изгради во него палата.

12. Што заборави да направи Натан кога му рече на Давид да почне со градбата на храм?
   Заборави да го праша Бог дали Давид треба да го направи тоа.

Јевостеј беше слаб цар и Авенир беше оној кој ги донесуваше одлуките. Започна долга војна помеѓу Давид и Јевостеј. Во Библијата читаме дека Давид стануваше сè посилен и посилен, а оние кои се бореа против него стануваа сè послаби и послаби.

Еден Јевостеј и неговиот генерал Авенир многу се скараа. Најпосле Авенир му рече на царот: "Од сега натаму ќе работам за Давид. Ќе му помогнам да стане цар над целиот Израел. Нема повеќе да ти помагам." (Отстранете ги фигурите).

## Сцена 3  Авенир и водачите

Авенир сега почна да ги наговара водачите на различните Израелски племиња да го направат Давид цар над целата земја. (Поставете ги фигурите 99 - Авенир и 101 - водачите). Тој им рече: "Бог вети дека Давид ќе биде цар по Саул, ајде сега да го испониме тоа."

## Сцена 4  Давид и Авенир

Во придружба на 20 гардисти тој отиде кај Давид. (Поставете ги фигурите 98- Давид и 99- Авенир). Тој му рече на Давид дека ќе го собере целиот Израел заедно за тие да се согласат да го крунисаат него за цар. Се разбира, Давид го прими многу добро, приреди голема гозба, а потоа го испрати да продолжи со неговата добра работа на обединување на племињата под Давид, како нивен цар.

## Сцена 5  Давид и неговиот генерал Јоав

Откако Авенир си замина, Јоав, генералот на Давид се врати од успешна битка. Тој слушна дека Авенир го посетил Давид и дека бил добро пречекан. Тоа го налути. Тој влета во палатата на Давид (поставете ги фигурите 98- Давид, 102- Јоав) и извика: "Царе Давид, Што си направил со Авенир? Не знаеш ли дека дојде како шпиун? Не требало да го пуштиш внатре." Тогаш бргу излезе (отстранете ја фигурата 102). Тој испрати гласници по Авенир да го вратат, преправајќи се дека и тој сака да разговара со него. Но наместо тоа, тој ненадејно го нападна и го уби Авенир.

Кога Давид слушна за тоа жалеше за Авенир како и за Саул. Давид навистина беше човек кој многу проструваше, зарем не? Сега Авенир беше мртов. Тој беше војник кој навистина работеше на тоа Давид да стане цар над целата земја Израел.

Беше ли тоа уште едно упропастување на неговите шанси? Не баш. Не беше Авенир оној кој му вети на Давид дека ќе стане цар; му вети Бог. И тоа ќе се случеше во времето одредено од Бог. Ако знаеш дека си спасен тогаш внимавај на ветувањата кои Бог ти ги дава во Библијата додека ја читаш секој ден. Обиди се да ги запомниш - запиши ги или подвлечи ги во својата Библија. Тогаш ќе видиш како Бог ги исполнува сите. Кога си исплашен ти ветува: "Не плаши се, зашто Јас сум со тебе" (Ис. 41:10). Тоа е вистина! Кога ти е тешко да живееш за Господ Исус сети се на Божјото ветување: "Јас ќе ги прославам оние кои мене ме прославуваат" (1. Цар. 2:30). Секое ветување важи и за тебе. Ниту едно нема да пропадне, зашто се Божји зборови.

## Сцена 6  Давид и народот на крунисувањето

Авенир беше мртов и поминаа повеќе од 7 години откако Давид стана цар на племето Јуда. Дојде времето да се исполни Божјото ветување за Давид.

На север, Јевостеј беше убиен и водачите на племињата на Израел дојдоа кај Давид во Хеброн и му рекоа: "Сакаме да бидеш наш цар. Дури и кога Саул беше цар ти ни беше водач." (Поставете ги фигурите 95, 96, 97, 98). И така испланираа голем празник во Хеброни сите луѓе од племињата дојдоа на крунисувањето на Давид за цар (променете ја фигурата 98 со 103- Давид клечи, додајте ја 104 - свештеник со 105 - рог). Свештеникот излеа масло врз главата на Давид и тој стана цар над целата земја. Сигурен сум дека сите луѓе се радуваа и ракоплескаа на својот нов цар. Тоа беше еден еден од најголемите денови во историјата на нивната држава. (Отстранете ги фигурите).

Бог беше рекол дека Давид ќе биде цар и тоа се исполни. Божјиот збор никогаш не се менува. Бог не лаже и не го менува мислењето. Луѓе не можат да го запрат Бог да го исполни тоа што Тој го рекол. Многу, многу одамна, уште пред да се роди Исус, Бог вети дека ќе испрати Спасител - и го направи тоа! Тој рече дека ќе се роди во Витлеем. Каде беше роден Исус? Точно таму. Стотици години пред Господ Исус да дојде на земјата Бог рече дека Тој ќе умре за грешните (поставет ја фигурата 107, крст) и тоа се случи. Целата Библија е вистина, таа е Божјо Слово. Некои луѓе мислат дека некои нејзини делови не се точни, но еден ден сите ќе се уверат дека Словото на Бог е вистина и не пропаѓа. (Отстранете ја фигурата 107).

(Поставете ја фигурата 98 - Давид). Давид ја прифати работата да биде цар како нешто многу сериозно. Тој знаеше дека Бог го беше поставил за цар (2. Цар. 5:11). Едно од првите нешта што направи како цар беше да освои град што се наоѓаше на рид. Овој град беше многу тежок за освојување затоа што беше добро заштитен и речиси беше невозможно да се освои. Но Давид и неговата војска успеаја и го нарекоа Еруслим, градот на Давид. Тој стана главен град на земјата.

Во Еруслим Давид почна за себе да гради прекрасна палата од најквалитетни материјали - камен, кедрово дрво и декорации од скапоцени метали.

## Сцена 7  Давид и Натан

Откако палатата беше изградена, кај себе го повика пророк Натан(поставете ги фигурите 98 - Давид и 106 - Натан).

"Натан", рече тој" јас живеам во убава палата, а местото каде луѓето се поклонуваат на Бог е шатор направен од платно. Тоа не е право! Сакам да изградам голем и цврст храм, поубав од мојата палата. Таму луѓето ќе можат да доаѓаат да го слават Бог и да Му се молат."Тој навистина сакаше да го почитува Бог и да му оддаде чест, нели?

И Натан мислеше дека тоа е одлична идеја. Затоа му рече на Давид: "Направи како мислиш зашто Бог е

### Лекција 8

# Давид станува цар според зборовите на Бог

**Библиски текст:** 2. Цар. 1-4,8-10 2. Царства 3:1, 6:2, 17-39; 2. Царства 4:5-7; 2. Царства 5:1-12; 2. Царства 7:1-13

**Централна вистина:** Божјите зборови никогаш не пропаѓаат

**Примена:** *за спасени деца:* Верувај му на секое Божје ветување.
*за неспасени деца:* Бог ветува дека ќе ве спаси ако повикате кон Него.

**Почеток:** Дали татко ти некогаш ти ветил нешто? ЦВ

**Развој на настаните:** Давид е прогласен за цар на Јуда. (2. Цар. 2:4) ЦВН.
Авенир го поставува Јевостеј за цар над Израел (2. Цар. 2:9).
Има долги војни и Давид станува сè посилен (3:1).
Авенир бега на страната на Давид (3:12).
Авенир е убиен (3:27) ЦВС.
Јевостеј е убиен (4:6).
Давид е крунисан за цар над целата земја (5:3) ЦВ.

**Кулминација**: Тој го освојува Сион (Ерусалим) и тој станува негова престолнина. (5:7).
Гради своја палата (7:11).
Планира да гради храм (7:1).

**Заклучок::** Бог вели "не" ЦВН и ЦВС.

**Стих на памет:** Пс. 23:4 (или 1 Петр. 5:6).

Објаснете го внимателно стихот. Јагнето треба да биде со главата надолу, а пастирскиот стап покрај нив како што е прикажано на дијаграмот.

## ЛЕКЦИЈА

Дали татко ти некогаш ти ветил нешто како, "Ке те водам во недела на излет", или: "Ќе одиме во Шпанија на одмор" или: "Ќе направам нешто специјално за твојот роденден"? Дали можел да го исполни своето ветување? Нашите мајки и татковци се трудат да ги исполнат ветувањата, но понекогаш се случуваат непредвидени нешта и тие не се во можност да ги исполнат. Но тоа никогаш не му се случува на Бог. Ако каже нешто тоа сигурно ќе се исполни. Тој е моќен и не може да пропадне. (Поставете ја фигуратата 94).

Ќе можете ли да се сетите на нешто што Бог му го вети на Давид пред многу години, а што не се имаше исполнето? Да, дека ќе стане цар на Израел. Ќе го исполни ли Бог ветувањето? Секако, Неговиот збор никогаш не се менува.

### Сцена 1 Давид, мажи, жени и деца

Еден ден Давид го запраша Бог, "Да одам ли во некој град на Јуда?"

"Да, " му рече Бог, "оди во градот Хеброн." Колку му беше на Давид мило дека најпосле ќе си оди од земјата на Филистејците и дека повторно ќе живее во Израел. (Поставете ги фигурите 95, 96 и 97).

И кога Давид, неговите војниците и нивните семејства се вратија во нивната сопствена земја, водачите од Јудиното племе излегоа да им посакаат добредојде. "Сакаме да ни бидеш цар" му рекоа тие. И го крунисаа за нивен цар во градот Хеброн. Сигурно Давид беше задоволен. Дали се исполни Божјото ветување? Сè уште не! Јуда беше само мал дел од целата земја Израел. Но Божјите зборови не се менуваат; бидејќи кога Бог вели дека нешто ќе се случи, ќе се случи. Божјиот збор не се менува.

Во Библијата читаме "Небото и земјата ќе преминат, но моите зборови ќе останат" (Мат. 5:18). Бог е семоќен, затоа секогаш може да го направи тоа што го рекол. Затоа Библијата е толку чудесна книга и Божјите ветувања се толку вредни за нас. Едно Негово ветување е "Кој го призове името Господово ќе се спаси" (Рим. 10:13). Биди сигурен дека тоа е вистина. Ако веруваш во Исус Христос, Словото Божје вели дека ако повикаш кон Него ќе се спасиш. Повикај: "Гоподе, спаси ме од гревовите." Повикај кон Него денес.

Ако денес сакаш да поверуваш во Исус Христос за да те спаси, а не знаеш што треба да направиш, јас сум готов да ти помогнам. Кога другите си отидат на крајот од часот ти остани на твоето место. Ако останеш ќе знам дека сакаш да дознаеш како да се спасиш. Ќе ти објаснам од Библијата што треба да направиш ти и што ветува дека ќе направи Бог.

### Сцена 2 Авенир и Јевостеј

Авенир беше генерал во Сауловата армија и реши да се бори против Давид, иако Саул беше мртов. Тој го зеде Јевостеј, синот на Саул кој беше останал жив и го направи цар над остатокот од Израел. (Поставете ги фигурите 99 и 100, Авенир и Јевостеј). Сега имаше двајца цареви - еден дел од земјата беше под власта на Давид и еден под Јевостеј.

Сигурен сум дека некои се прашуваа: "Како може Давид да биде цар? Јевостеј е вистинскиот цар." Но никој не може да им пречи на Божјите планови. Кога Тој рече нешто, треба да сме сигурни дека тоа ќе се исполни.

Тоа ја прави Библијата книга различна од сите други книги. Може да сме потполно сигурни дека сè што пишува во неа е вистина. Кога ги читате Исусовите зборови: "Ќе дојдам повторно" верувајте дека тоа ќе се случи. Луѓето може да се смеат на тоа, но тоа не го менува фактот дека Тој ќе дојде. Тој доаѓа да биде цар, не да се роди како бебе. (Поставете ја фигуратата 108, круна).

наместо да го праша Бог. Ќе се поучиш ли од неговото искуство? Немај контакти со медиуми и луѓе кои контактираат со зли духови. Ако си христијанин тоа ќе го ожалости Господ и ќе те спречува во духовниот живот. Ако сè уште не си спасен, слушај го само Божиот глас кој вели: "Кој доаѓа кај мене нема да го одбијам:" Дојди кај Него денес. Тој нема да те отфрли!

## ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ

1. Што правеа Ненад и Даниела, за кое ви зборував на почетокот?
   Поставуваа прашања во темна соба и слушаа чукање како одговор.

2. Какво објаснување им даде мајка им за тоа чукање во темната соба?
   Тоа беа лоши духови.

3. Зошто Саул сакаше да зборува со Самуил?
   Бог не сакаше повеќе да разговара со него поради неговата непослушност, а тој сакаше да знае што да прави во битката.

4. Тој отиде кај медиум. Што е тоа?
   Тоа е човек кој се обидува да добие пораки пораки од умрени луѓе или од духовниот свет.

5. Што му рече гласот на Саул? (Имаше три нешта).
   Дека ќе го изгуби престолот, дека Израел ќе биде победен од Филистејците и дека Саул и Јонатан ќе бидат убиени.

6. Кој ќе го каже стихот за напамет?
   3. Мојс. 19:31.

7. Како умре Саул?
   Беше ранет од стрели и потоа падна врз својот меч.

8. Како реагираше Давид кога слушна за смртта на Саул и Јонатан?
   Тој ја искина својата облека, жалеше и постеше од тага.

9. Што може да се поучиме од Давидовата реакција на смртта на неговите непријатели?
   Не треба да се радуваме кога нешто непријатно му се случува на некој што ни направил лошо.

10. Кои беа важните зборови кои ги поставив на таблата?
    Бог не сака да слушате пораки од лоши духови.

11. Зошто е опасно да бараш информација од места или луѓе кои можеби контактираат со зли духови?
    Затоа што тие се непријатели Божји; затоа што Бог сака да бараме одговори во Неговото Слово.

12. Што треба да направиш ако некој пријател те викне на сеанса или те тера да употребите Оујуџа табла?
    Треба да му речеш "Не" и да му кажеш зошто. Цитирај им го стихот од 3. Мојс. 19:31.



Не треба да имате ништо заедничко со такви работи.Бог ни вели во 3. Мојсеева 19:31 дека ако се обратиме кон медиумите тоа ќе нè оскверни (ќе нè направи нечисти пред Бог). (Овде можете да го поучувате овој стих или тоа да го направите на крајот од расказот).

Значи, ако некој ти предложи да ти ја претскаже иднината со помош на тарот карти, Ојуџа табли; или ако ти речат дека добиваат одговори на прашања за тоа што ќе се случи во иднината со нешто кое чука по масата - бегај далеку од такви нешта. Тие се опасни.

Ако не си дете на Бог, ако Исус сè уште не е твој Спасител, не слушај медиуми или претскажувачи, бидејќи тие нема да ти дозволат да го слушаш Божиот глас. Бог ни зборува преку Библијата и тоа е гласот што треба да го слушаш. Бог ти вели да со откажеш од сè што е лошо и да дојдеш кај Него, за да ти опрости и да те направи чист. Медиумите ќе те одведат уште подлабоко во грев и во многу прблеми, но Бог ќе те очисти.

Знаеш ли како Тој може да те очисти? Има само еден можен начин: Тоа е преку смрта на Господ Исус, Неговиот возљубен Син. Тој го остави својот дом на небото и слезе на овој свет каде живееше повеќе од 30 години. И никогаш не згреши. Секогаш му угодуваше на Својот небесен Татко во зборови, мисли и дела. Тогаш еден ден се понуди врз себе да ја земе казната што ја заслуживме јас и ти за лошите работи што ги направивме. Таа казна беше смрт. Господ Исус умре за нас, прикован на крст. Тој страдаше, не за своите гревови, туку за нашите. Затоа што Тој умре за тебе, сега Бог може да ти прости. Тој те кани да се одвратиш од гревовите кои Тој ги мрази. Дојди кај Него и замоли Го да те очисти и да ти го даде Неговиот живот. Слушни го Неговиот глас полн со љубов и дојди кај Него денес.

Кога Саул ја виде чудната фигурата со покриена глава, беше сигурен дека тоа е Самуил и му објасни: "Јас сум толку исплашен од Филистејската армија што сакам да ми кажеш што да правам." И еден рапав старечки глас одговори: "Јас имам порака за тебе. Ќе ти кажам три многу непријатни нешта:

Прво, ќе го загубиш престолот поради твојата непослушност кон Бог. Давид ќе биде цар по тебе. Ти тоа веќе го знаеш.

Второ, Филистејците ќе те победат тебе и твојата армија.

Трето, утре ти и твоите синови ќе бидете убиени во битка."

Кога Саул ги слушна овие ужасни вести, падна на земјата и лежеше таму треперејќи, уплашен, без сила да се помрдне. По долго време слугите и жената му помогнаа да стане. Тој јадеше и излезе во темната ноќ. Ноќта беше темна, но Саул беше во уште поголема темнина. Тој беше далеку од Бог кој е светлина. Тоа е причината што тој беше во темнина. Вие момчиња и девојчиња кои сте христијани, никогаш не правете го тоа што Саул го направи. Не си играјте со духови, медиуми, претскажувачи на иднината, со луѓе кои можат да носат пораки од друг свет. Не читајте списанија во кои се зборува за волшепства, магии или други такви нешта. Ако го правите тоа, Господ кој направи толку многу за тебе се лути, а тоа ќе ти донесе само неволји. Ќе одиш во темнина далеку од твојот Господ, како Саул.

## Сцена 3 Армијата на Саул е победена

(Поставете ги фигурите 86 и 85)

Следниот ден кога Саул отиде со своите војниците да се бори против Филистејците, срцето мора да му беше исполнето со страв и ужас. Навистина ли ќе биде победен? Битката започна и Филистејците почнаа да напредуваат. Некои од стрелците почнаа да стрелаат кон Саул и тешко го ранија со стрели. Тој знаеше дека не може да преживее со такви страшни рани и затоа таму, на бојното поле си го одзеде животот со сопствениот меч. Истиот тој ден беше убиен Јонатан, другите два принца, и многу, многу војници. Тоа беше ден на тага и пораз за целиот Израел.

Зошто Саул и Јонатан умреа тој ден? Заради тоа што гласот во куќата на медиумот рече така? Се разбира, не! Тоа беше поради постојаната непослушност на Саул кон Бог. Затоа Бог им дозволи на Филистејците да ги победат Саул и Израелската армија. (Отстранете ги 86 и 85).

## Сцена 4 Давид жали за Саул и Јонатан

По битката, еден гласник тргна на долг пат за на Давид да му пренесе што се случи. Давид сè уште беше во Зиклаг и сигурно се прашуваше: "Како се одвива битката помеѓу Анхус и другите Филистејски војсководци и Саул и Јонатан, заедно со војските на Израел?"

Тогаш виде човек кој трчаше кон него. Мора да беше гласник со вести. (Поставете ги фигурите 82 - војници, 81 - Давид и 93 гласник). Тој сè уште беше зазбивтан кога Давид го запраша. "Како помина битката?" (2. Цар 1:4). Младиот гласник одговори: "Израелската армија е поразена,а Саул и Јонатан се убиени. Еве ја круната што ја земав од главата на Саул и гривната од неговата рака. Ова е доказ дека тој не е жив."

Се прашувам што ли очекуваше гласникот од Давид? Можеби дека ќе извика: "Одлично! Овој суров цар е мртов! Сега јас можам да бидам цар. Ме прогонуваше со години, но сега е мртов." Не, Давид ја раскина својата облека како знак на голема жалост и плачеше, тажеше и постеше (не јадеше) поради смртта на Саул и Јонатан. Каков дух на опростување! Дали ти се однесуваш така кога некој те повреди или е груб спрема тебе, или ти прави проблеми? Дали го сожалуваш?

Така се однесуваше Давид и така сака Господ Исус да се однесуваш и ти. Тогаш Давид напиша една убава песна за спомен на Саул и неговиот драг пријател Јонатан, но во неа зборуваше убаво за двајцата, а не само за Јонатан, неговиот пријател. Тој напиша: "Саул и Јонатан, сакани и сложни во животот, не се разделија ни во смртта; тие беа побрзи од орлите, посилни од лавовите." (4. Цар. 1:23).

Сепак тоа беше тажен крај за цар Саул. Тој направи многу лоши работи и заврши со барање совет од медиум

(Можете да искористите слики на две деца од по 9 години, исечени од списание).

Даниела и Ненад се втурнаа во кујната каде мајка им правеше палачинки за вечера. Обајцата изгледаа некако исплашени. Мајката бргу ги погледна, забележувајќи го чудниот израз на нивните лица.

"Зошто толку доцните?", запраша таа. "Јас ве очекував дома многу порано."

Двете деца се погледнаа виновно и Ненад рече: "Бевме на некаква забава во куќата на Марија. Имаше неколку деца, но нејзините родители не беа дома. Правевме некои чудни нешта"

"Какви?" запрша мајката, сега веќе навистина загрижена.

"Па," рече Даниела, "седнавме околу масата и се фативме за раце. Марија ни рече дека може да поставуваме тешки прашања и нешто ќе ни одговори на нив, само што мора да е "да" или "не" одговор. Ако е "да" ќе чукне еднаш, ако е "не" ќе чукне два пати.

"Но кој чукаше на масата?" праша мајката.

"Не знаеме", одговори Ненад многу тивко. "Требаше да го угаснеме светлото, да седиме многу тивко и да се концентрираме. Беше навистина застрашувачки. Не можеше да е еден од нас зашто сите се држевме за раце. Марија праша "Ќе живеам ли секогаш овде?" и се слушнаа две јасни чукања. Тогаш праша дали ќе живее во друга земја и нешто чукна еднаш. Потоа ние се исплашивме и рековме дека ќе си одиме."

Двете деца ја погледнаа мајка си и видоа дека таа ги беше стегнала усните и изгледаше многу сериозно.

"Многу се радувам дека сте си дошле дома од таму. Јас не сакам да го правите тоа друг пат. Не сте знаеле што се случува, но тоа можел да биде некој лош дух кој чукал по масата.

"Лоши духови," извикаа децата и ги раширија очите од изненадување.

"Да, деца. Има лоши духови кои не можеме да ги видиме и треба да внимаваме да немаме ништо со нив, ниту да ги прашуваме за да ни одговорат со пораки." (Поставете ја централната вистина).

Цар Саул го направи тоа. Се сеќавате ли на него? Да ви раскажам за тоа. Но прво сакам да во кажам нешто друго. Можеби си денес тука и го немаш Исус во твојот живот, или пак можеби си имал работа со лоши духови. Ако сакаш Исус да те спаси од гревот и не знаеш што точно да направиш, јас сум овде да ти помогнам. Само дојди и седни на првиот ред кога другите деца ќе си отидат. Тогаш ќе знам дека сакаш да дојдам и да ти покажам од Библијата што да направиш.

Откако Давид отиде да живее во земјата на Филистејците, се сеќавате ли дека тие планираа војна со Израел, Божјиот народ?

## Сцена 1 Саул е уплашен

Кога Саул ја слушна веста дека илјадници Филистејски војници доаѓаат да се борат против него и неговата армија, тој се исплаши многу. Библијата вели: "Саул го виде Филистејскиот логор и се исплаши, и силно му затрепери срцето." (1. Цар. 28:5). (Поставете ги фигурите 85 - Саул и 86 - неговата армија).

Што мислите, зошто тој затрепери толку многу? Саул живееше во непослушност кон Бог. Сега тој сакаше да знае што ќе се случи во битката, но Бог не сакаше да му каже. Бог многу често беше зборувал со него во минатото, но тој не го слушаше, ниту пак беше послушен. Сега Бог немаше повеќе пораки за него. И така Саул реши да направи нешто многу чудно и многу погрешно. Тој зснаеше дека тоа не е по волјата Божја, но сепак реши да го направи. Зарем е чудно што Бог повеќе не му даваше никакви нови заповеди?

Можеби некогаш се прашуваш зошто Библијата ти изгледа досадна и Бог не ти зборува преку неа. Зарем тоа не е затоа што и ти, како Саул не слушаш што ти вели Бог? Треба да се одвратиш од тој грев и да му кажеш на Бог дека си готов да Го послушаш.

## Сцена 2 Саул и медиумот

Саул реши да се обиде да добие порака од мртов човек! Тој помисли на пророк Самуил кој во тоа време беше веќе умрен. Додека Самуил беше жив, тој многу често му носеше пораки од Бог, но Саул често не беше послушен. Сега си помисли дека Самуил, иако беше умрен, може некако да му каже што да прави во битката. И така тој прати слуги да побараат гатачка, или медиум, која ќе го повика Самуил за да зборува со него.

Неговите слуги му кажаа каде живее една жена која можеше да го направи тоа. Саул веднаш се преоблече за жената да не дознае кој е овој што сака да побара од неа такво лошо нешто. И тогаш тој отиде кај жената. (Поставете ги фигурите 87 и 88).

Отпрво, жената се плашеше да го направи тоа што го бараше Саул, но тој ја убеди. "Тогаш, со кого сакаш да зборуваш?" запраша жената. "Со Самуил", одговори Саул. Недолго потоа таа му рече дека гледа еден стар човек како доаѓа од земјата и дека има качулка или шал врз главата.

"Тоа е Самуил," помисли Саул.

Бог во Библијата многу јасно ни вели дека не треба да имаме ништо општо со луѓе кои се обидуваат да примаат пораки од мртвите. Многу често има луѓе со чудна моќ, но таа не доаѓа од Бог, туку од лошите духови. Човек, кој се обидува да добие пораки од мртви се вика медиум или маѓесник.

Тоа не се оние магесници од цртаните филмови кои летаат на метли. Тоа се вистински маѓесници кои ја добиваат силата од ѓаволот. Тие може да изгледаат како сите други луѓе, но кога зборуваат за гласови кои ги слушаат од мртвите, тие работат за Сатаната. Гласовите не се на мртвите луѓе, туку најчесто се на лошите духови.

4. Зошто треба да се пазиме од лошо друштво?
Тоа го спречува христијанинот да живее за Бог.

5. Можете ли да ми го кажете името на Филистејскиот цар или пак името на градот во кој живееше Давид?
Цар - Анхус, град - Зиклаг.

6. Анхус побара од Давид да направи нешто многу лошо. Што беше тоа?
Да се бори против Израелците, Божјиот народ.

7. Тој не мораше да се бори против својот народ, но што најде кога се врати во Зиклаг?
Дека непријатели го изгореле градот и ги ги одвеле нивните семејства и имот.

8. Што сакаа да направат луѓето на Давид со него, откако видоа што се случило?
Да го каменуваат.

9. Во тој тежок момент Давид направи нешто мудро. Што беше тоа?
Се врати кај Бог и му зборуваше.

10. Кога се обрна кон Бог што му вети Тој?
Дека тој ќе поврати сè.

11. Сара имаше неволји заради соседите. Што требаше да направи таа?
Кога веќе знаеше што прават девојките од соседството, требаше да реши да не оди кај нив. Или пак можеше да каже: "Ќе дојдам да си играме, но ако ги читате овие списанија или зборувате непристојно, јас ќе си одам."



**Лекција 7б**

# Саул се советува со медиум

**Библиски текст:** 1. Царства 28:1-25; 1. Царства 31:1-7; 2. Царства 1:12,17-27.

**Централна вистина:** Опасно е да се слушаат зли духови

**Примена:** *за неспасени деца:* Не слушајте лоши духови.Тоа ќе ви пречи да го слушнете Божиот глас.
*за спасени деца:* Не слушајте лоши духови. Тоа не му е по волја на Бог.

**Библиски стих:** 3. Мојсеева 19:31: "Не одете по оние што повикуваат духови на мртви, и до магесници не доближувајте се, и не дозволувајте да ве осквернат."

## ЗАЕЛЕШКА ЗА УЧИТЕЛОТ:

Затоа што ова е посебна лекција за опасноста од окултизмот, предлагаме да го прескокнете поучувањето на Псалм 23 за ова седмица, а наместо тоа децата да го научат стихот од 3. Мојсеева 19:31. Ако децата се мали и не се изложени на окултизам (но немојте веднаш да го претпоставите тоа- можеби знаат повеќе отколку што мислите!) можете да ја пропуштите ова лекција. Имајте на ум дека практикувањето магија, повикувањето на умрени со помош на медиуми, претскажување на иднината со тарот карти, Оујица табли и др. растат алармантно. Децата кои ги поучуваме треба да знаат дека Бог јасно нè предупредува во Словото да немаме ништо општо со овие работи.

**Почеток:** Случката со Даниела и Ненад ЦВ.

**Развој на настаните:** Саул се плаши од Филистејската армија (1. Царства 28:5).
Тој се обраќа кон Бог за совет (28:6).
Бог не му одговара заради Сауловата непослушност (28:16-18).
Саул консултира медиум (28:8) ЦВН.
Медиумот го поврзува со Самуил (28:14).
Самуил му претскажува дека Израел ќе биде поразен (28:19) ЦВС.
Израел е поразен.

**Кулминација:** Саул, Јонатан и неговите синови се убиени (31:2-6)

**Заклучок:** Давид, кога го дознава тоа, тажи (2. Цар. 1:12) ЦВС / ЦВН.

или пријателка. Внимавај да избереш таков кој исто го сака Господ Исус. Ако понеш да излегуваш со некој кој не е вистински христијанин, тој или таа може многу да ти пречи во твојот христијански живот.

Имаше една девојка по име Марта која го сакаше Исус. Таа почна да излегува со Раде. Раде не беше христијанин, но таа навистина сѐ повеќе и повеќе го сакаше. Марта знаеше дека не треба да излегува со неспасено момче, но таа си велеше дека ќе му сведочи и тој ќе стане христијанин. Марта и Раде се заљубија. Раде ја побара за жена и таа му одговори дека се согласува, бидејќи се уверуваше себеси дека еден ден тој ќе поверува.

Но нештата не се одвиваа така! Раде не сакаше да слушне за Бог. Не сакаше да оди в црква и ја носеше Марта во клубови и други места што не се полезни за една христијанка. Полека Марта престана да оди в црква. "Можам да читам Библија и да се молам дома", си велеше таа. Но и тоа престана. Раде не стана христијанин; наместо тоа, љубовта на Марта кон Исус стануваше сѐ послаба. Ако само ги беше послушала Божјите предупредувања за лошото друштво!

Внимавај да одбереш добри пријатели - пред сѐ, особено кога ќе си на возраст да бираш посебен пријател или пријателка со кој еден ден ќе сакаш да стапиш во брак.

Сега Давид го запраша Бог: "Да одам ли по Амаличаните и да ги спасам жените и децата ако се уште живи?" Бог му одговори: "Да, оди гони ги , зашто сигурно ќе ги победиш и ќе повратиш сѐ. (1. Цар. 30:8). Оваа порака од Бог сигурно го охрабри Давид. Тој знаеше дека нивните семејства се сѐ уште живи и дека може да ги врати назад.

Тие тргнаа да ги гонат Амаличаните и Бог ги водеше до местото каде нивните непријатели логоруваа. Тие славеа победа и не очекуваа Давид да се врати толку брзо со војската од војна. Таму беа сите жени и деца. (Поставете ја фигурата 83). Давид и неговите луѓе се подготвија за борба. Требаше да се борат за своите жени и домови; затоа се бореа тешко и долго (ден и половина без прекин). Бог им даде прекрасна победа, тие ги поразија своите непријатели и ги вратија своите сакани.

Сигурно семејствата беа многу среќни дека се повторно заедно и лошите денови завршија. Наскоро Давид успеа да ја напушти филистејската земја со сите останати. Сигурен сум дека беше среќен да го направи тоа. Неговото решение да живее со луѓе кои не го љубеа Бог не му донесе ништо друго освен несреќа и тешкотии.

Запомнете го денешното предупредување на Бог - пазете се од лошо друштво! Ако го сакаш Гопод Исус, внимавај на своите пријатели. Ако не си спасен не дозволувај стравот од твоите пријатели да те држи далеку од Него. Остави ги тие "пријатели": лошите нешта кои ги вршиш, како лага, мамење или нешто друго. Дојди и поверувај во Господ Исус Христос. Некои твои пријатели можеби ќе ти се смеат, можеби повеќе нема да ти бидат пријатели, но кога поверуваш во Исус Христос за да те спаси, Тој ќе биде твој Пријател засекогаш.

## ПРЕДЛОЖЕНИ АКТИВНОСТИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ДЕЦАТА:

Децата можат да ја изведат едната или и двете сцени. По првата сцена поразговарајте со децата како требаше да се однесува Сара кај соседите, или како требаше да си избере подобро друштво. По втората сцена прашајте ги децата што требаше да рече Јован кога пријателите го викаа да фрла камења.

**А. Сара** (Случката е опишана во сцена 3)

**Сцена 1:** Девојчето од соседството ја кани Сара (која е спасена) во нивното тајно место.

**Сцена 2:** Таму тие читаат списанија што не се за нив, викаат и се навредуват.

**Сцена 3:** Сара си легнува многу доцна, преморена, нерасположена и без желба да ја чита Библијата или да се моли.

**Б. Јован** кој сака да верува во Бог, но лошото друштво му пречи да го направи тоа.

**Сцена 1:** Јован е во клубот на Добрата вест.(Улогата на учителот можете да ја земете вие, учителот, или пак друго дете).

**Сцена 2:** Јован се враќа дома и игра со другарите кои се лошо друштво- груби и бучни.Тој им вели дека сака да оди во Клубот на Добрата Вест и да слуша за Исус и би сакал да биде спасен.

Тие се смеат и му се потсмеваат и го канат да фрла камења со нив по дрвото во градината на еден стар човек.

**Сцена 3:** Јован оди со нив и тргнува по нивниот лош пат.

## АКТИВНОСТИ ЗА ПОГОЛЕМИТЕ ДЕЦА:

Играјте "мечување" на основа на стиховите спомнатина страна 5 од Изреките Соломонови и Ефесјаните. Децата треба да ги бараат стиховите и кој прв ќе го најде го чита и за тоа добива поен. Исто така треба да даде и краток коментар на основа на стихот. Кој има најмногу поени победува.

## ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ

1. Која беше погрешната одлука која ја донесе Давид на почетокот на нашиот расказ (минатата седмица)?
   Тој отиде да живее во земјата на Филистејците.

2. Зошто тој отиде таму?
   Тој се исплаши и престана да верува во Божјата заштита.

3. Што сака Бог да научиме од грешката на Давид?
   Одговорот е во натписот на таблата: "Пази се од лошо друштво!"

## Сцена 3 Давид и неговите војници, Анхус и Филистејските водачи

(Поставете ги фигурите 81, 82, 84, 89,90)

Еден ден Филистејците решија да одат во војна. Ќе погодите ли со кого сакаа да се борат? Со Израелците, Божјиот народ и луѓето на кои им припаѓаше Давид и неговите луѓе! Кутриот Давид! Што можеше да направи сега? Но пред да смисли што да направи за да ја избегне борбата против својот народ, цар Ахнус дојде кај него и му рече: "Давид, ти и твоите луѓе ќе дојдете да се борите со мене. Јас ве назначувам како мои гардисти." (1. Цар. 28:1-2). И така армијата тргна на долг марш за да се бори против Израел.

Давид имаше вистински проблем;: Бог е толку мудар што секогаш нè предупредува за лошото друштво - тоа може да ни донесе големи, големи проблеми.

Сара го сакаше Господ Исус Христос, но беше пријателка со едно девојче од соседството кое не беше добро. Двете често се среќаваа со уште неколку другарки во нивното "скривалиште". Таму понекогаш имаше разговори од кои Сара се чувствуваше непријатно: еднаш-двапати читаа списанија за кои Сара знаеше дека Исус Христос не ги сака, но не рече ништо. Таа почна сè поретко да ја чита Библијата и да разговара со Бог, а повеќе и повеќе време поминуваше со пријателките. Нејзината љубов кон Господ Исус стануваше сè послаба и таа никогаш не разговараше за Него со пријателките. Пазете се од лошото друштво - тоа ќе ве оддели од Бог.

Кога Филистејските водачи го видоа Давид во армијата на Анхус му рекоа: "Овој човек и неговата војска не може да бидат во нашата армија. Не памтите ли дека тоа е великиот борец за кого луѓето пееја ’Саул уби илјади, а Давид десетици илјади’? Тој го уби нашиот Филистејски џин - Голијат! Овој човек може да се сврти против нас во битката и да почне да се бие за својот народ Израел. Не можеме да ризикуваме. Испрати го дома!"

Анхус сакаше да ги има овие храбри војници во своите редови, но филистејските водачи настојуваа и така Давид и неговите војници се вратија во Зиклаг. (Отстранете ги фигурите 84, 89, 90).

## Сцена 4. Давид и војниците се враќаат во Зиклаг

(Поставете ги 81,82). Кога Давид и неговите луѓе се приближија до Зиклаг видоа дека над градот се издига чад. Што се случуваше? Кога дојдоа поблиску видоа дека чадот се подигаше од рушевините на градот што беше нивен дом. (Поставете ја фигуратата 91). Додека беа отсутни Амаличаните го беа нападнале овој дел од земјата. Тие го изгореле градот и со себе ја однеле сета нивна сопственост и животните. Но најлошо од сè, нивните жени и деца ги немаше никаде. Сигурно беа сите убиени од Амаличаните или пак одведени од нив. Давид и војниците беа вџашени. Во Библијата читаме дека тие плачеа и плачеа додека не им снемаа солзи.(1. Цар. 30:4).

А стана и уште полошо за Давид! Неговите војници си рекоа: "Сето тоа е заради Давид! Тој нè донесе овде во земјата на Филистејците. Тој нè однесе да војуваме со Анхус и не остави никој да го чува градот. Амаличаните го нашле градот незаштитен, ги убиле и одвеле нашите семејства, заробиле сè што имавме!" Тие беа толку тажни и налутени што рекоа:"Ајде да го каменуваме Давид!" Тие не го направија тоа, но така се чувствуваа. Во каква страшна ситуација беше Давид! Не можеше да биде полошо, нели?

А сè поради тоа што Давид отиде на непријателска територија.

Пази се од лошо друштво! Можеби никогаш не си поверувал во Исус Христос како Спасител и едно од нештата кое те спречува е што се плашиш од тоа што ќе речат твоите пријатели. Ако тие ти пречат да дојдеш кај Исус Христос, ти си во лошо друштво. Или пак си во друг вид лошо друштво (исечете фигури во форма на мали човечиња со напишани имиња врз нив) - лага, непослушност, мамење, завист и омраза.Тоа ли е твоето друштво? Ако продолжиш со ова друштво, тогаш засекогаш ќе бидеш одвоен од Бог.

Бог го мрази гревот што те држи далеку од Него. Но Тој те сака тебе! Тој те сака толку многу што го прати Својот единствен Син, Господ Исус да умре на крст за твоите гревови. Ти заслужуваш да бидеш казнет, но Тој беше казнет заради тебе. Сепак, Бог може да ти прости.

Ти мораш да го оставиш гревот зашто таму каде е Бог нема грев. Треба да се обратиш кон Исус Христос, да Му веруваш дека Тој ќе ги земе твоите гревови и ќе те спаси.

Тоа беше еден од најтажните моменти во животот на Давид. Беше далеку од дома меѓу неверни луѓе. Неговото семејство беше одвлечено или пак мртво, неговиот град изгорен, а неговите следбеници сакаа да го каменуваат. Во овој мрачен ден Давид направи нешто многу важно. Тој се покаја и се обрна кон Бог (1. Цар. 30:6). (Поставете ја фигурата 92 - Давид на колена). Кон кој друг можеше да се обрати за помош? Бог беше готов да го слуша. Давид Му рече на Бог дека жали што престана да Му верува дека Тој ќе го заштити и дека отиде да живее во друга земја, каде што луѓето беа непријатели на Божјиот народ. Живеењето таму со тие безбожни луѓе го доведе во толку голема неволја и донесе жалост во неговиот живот.

Дали Бог ти зборува за твоето лошо друштво? Секако дека Тој не мисли дека не треба да си пријателски расположен кон луѓе нехристијани. Како инаку ќе ги доведеме кај Христос? Но Бог сака да бидеш внимателен во однос на пријателите кои ги имаш. Барај за тоа помош од Бог.

Употребуваат ли лоши зборови - дали колнат или псујат?Имаат ли лоши навики? Дали се груби и непослушни?Дали се бунтовни во училиштето? Бегај далеку од нив! Или и ти ќе станеш како еден од нив. Ако Бог ти зборува за лошото друштво биди како Давид и речи Му дека жалиш за тоа. Замоли Го да ти даде добри пријатели.

Кога ќе пораснеш ќе почнеш да рзмислуваш за еден посебен пријател кој ќе биде со тебе - ќе бираш пријател

## ЖИВОТОТ НА ДАВИД
## ВТОР ДЕЛ

### Лекција 7

# Давид меѓу Филистејците

**Библиски текст:** 1. Царства 27:1-7 !; Царства 28: 1-4: 1. Царства 29:1-11; 1. Царства 30:1-19

**Централна вистина:** Пази се од лошо друштво.

**Примена:** *за спасени деца:* не дозволувајте да ве спречи да живеете за Христос.
*за неспасени деца*: не дозволувајте да ве спречи да поверувате во Христос.

**Почеток:** Горан и Маја (ЦВ).

**Развој на настаните:** Давид во очај бега на филистејска територија.
Тој и неговите луѓе го добиваат градот Зиклаг (ЦВС).
Филистејците се подготвуваат да го нападнат Израел.
Филистејците се спротивставуваат на присуството на Давид и неговите луѓе.
Давид ја напушта филистејската армија.
Тој се враќа во Зиклаг, ограбен од Амаличаните (ЦВН).
Неговите следбеници сакаат да го каменуваат.

**Кулминација**: Давид се кае и се враќа кон Бог (ЦВС).

**Заклучок**: Тој ги гони Амаличаните и враќа сè (ЦВС+ЦВН).

**Стих за на памет:** Повторете го Псалм 23:1-3 (или Псалм 1:6).

Ако не сте ги предавале лекциите 1 - 6 од животот на Давид I дел, сега може да почнете да го поучувате Псалм 23:1. Овој псалм е убаво илустриран и може да се добие од Европската мисија за евангелизација на деца (European CEF).

Дозволете им на децата да го кажуваат стихот додека им ги покажувате визуелните помагала, поставувајќи го јагнето на соодветните места. Нека децата сами ви го објаснат значењето за да можете да видите колку разбрале.

## ЛЕКЦИЈА

Горан и Маја имаа малечко кученце по име Рекс. Рекс беше многу послушен и знаеше добро да се однесува. За време на јадењето тој секогаш чекаше целото семејство да се најаде и дури тогаш одеше да види што има останато за него. Не лаеше и не молеше да се качи на масата додека другите јадеа. Но Горан и Маја заедно со родителите требаше да одат на одмор со авион и не можеа да го земат Рекс со нив. Едни соседи кои исто така имаа куче, се согласија да го чуваат.

По одморот, Горан и Маја одвај чекаа да го видат Рекс. Колу се изненадија! Тој беше станал толку бучен, груб и непослушен. Тие тешко можеа да поверуваат дека тоа е истото куче. Знаете ли зошто беше променето неговото однесување? Затоа што беше две недели со друго куче кое беше грубо и непослушно. Лошото друштво го беше научило на лошо однесување.

Тоа се случува понекогаш и со вас, девојчиња и момчиња, нели? Ако се фатите со лошо друштво запаѓате во невоља.

### Сцена 1

Тоа му се случи и на Давид (фигурата 81), човекот за кого Бог рече дека ќе стане цар на Израел.

Се сеќавате ли на Давид и како требаше да бега од Саул, лошиот цар? Саул се обиде да го убие Давид и го бараше. Дали се сеќавате како Бог му помогна на Давид и го заштити, дури и му помогна да биде добар кон Саул? Но еден ден Давид многу се исплаши: престана да верува дека Бог му беше ветил еден ден да го направи цар. Заборави колку чудесно го штитеше Бог и си рече: "Ќе паднам еднаш во рацете на Саул" (1. Цар. 27:1). И тој донесе едно многу глупаво решение.

Тој реши да оди да живее меѓу Филистејците. Тие беа жестоки непријатели на Израел, Божиот народ. И, за да биде уште полошо ги зеде со себе и своите 600 војници со семејствата. Еден ден тие ја напуштија Израелската земја и дојдоа во земјата на Филистејците (Додајте ги фигурите 82 и 83. Можете наместо нив да ги употребите фигурите 38а и 65 од првиот дел).

### Сцена 2 Давид и цар Анхус

Давид и неговите луѓе отидоа кај еден Филистејски цар по име Анхус. (Додајте ја фигурата 84). Анхус сигурно бил многу радосен да го прими овој голем воин и неговата војска. Тие ќе му беа од помош во неговите борби. И така Анхус му даде на Давид еден град за да живее во него, кој беше наречен Зиклаг.

Каква лудост направи Давид! Замислете еден Божји човек меѓу непријателите на Божјиот народ. Многу, многу пати Бог нè предупредува во Библијата да се чуваме од лошо друштво (Изреки 1:10, 11,14,15; Еф. 5:6,7,11).

Ако му припаѓаш на Господ Исус Христос, внимавај кого ќе го избереш за свој пријател. Ако си со луѓе на кои не им е грижа за Бог, користат лош јазик, не ги слушаат родителите или учителите, може да се најдеш во ситуација да ги правиш истите нешта. И како Давид, можеш и други да поведеш во лошо друштво. Колку подолгу си со нив толку потешко е да ги напуштиш и потешко ќе биде да живееш за Исус Христос.

сподели со вас, независно од тоа дали е спасено или не. На крајот осигурете се дека не сте премногу зафатени, или пак дека брзате. На крајот од овој прирачник ќе најдете краток преглед на чекорите за советување на децата кои сакаат да дојдат кај Христос.

## ВЕЖБАЈТЕ ГО ПОСТАВУВАЊЕТО НА ФИГУРИТЕ ВРЗ ФЛАНЕЛОГРАФОТ

Вежбајте ја употребата на визуелните помагала и менувањето на сцените пред да почнете да поучувате. Запознајте се детално со сите фигури за да знаете кога да ги користите на часот. Целото почување можете да го изведете на еднобоен фланелограф.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ВИЗУЕЛНИ ПОМАГАЛА

На парче картон напишете ја централната вистина за секој лекција, на опачината залепете леплива хартија или фланел. (Употребете едноставни големи букви за да се читки и за најмалите). Поставете го текстот на таблата пред почетокот на часот или кога за прв пат ќе ја спомнете централната вистина.

## ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ

За секоја лекција има прашања за повторување. Може да се користат на крајот од часот или наредната недела, пред да се поучува новата лекција. Причините зошто е потребно повторување се следните:

1. Да дознаете колку **децата** разбрале и запомниле.

2. Да ви помогне како **учител** да дознаете на што треба да обрнете повеќе внимание за децата да запомнат подобро.

3. За на часот да внесете малку **разноликост**. Децата сакаат натпревари и затоа искористете го тоа. Но ова не е само игра, тоа е и време за учење.

Во овој учебник се вклучени само прашања од лекцијата. Корисно е да вклучите прашања од песните, стиховите и од другите поуки. На тој начин децата ќе разберат дека секој дел од часот е важен. Исто така, тоа му дозволува на учителот да дознае колку тие разбрале.

## ВОВЕД

Лекциите вклучени во вториот дел на "Животот на Давид" веројатно не се толку познати како на пример "Давид и Голијат" или "Пријателството меѓу Давид и Јонатан". Иако не толку познати овие лекции имаат многу што да ги научат и спасените и неспасените деца. Бог сака да нè научи важни нешта, како од победите на Давид така и од неговите порази.

Во серијата има осум лекции. Лекциите 7б и 9б зборуваат за проблемите со окултизмот и неморалот. Ако имате помали деца можете да ги пропуштите овие лекции или да го адаптирате нивниот јазик за нивната возраст. Ако децата се поголеми овие лекции може да бидат важни теми за дискусија.

Веруваме дека овие лекции ќе бидат Божји благослов за вас и за децата преку вас. Децата сакаат да имаат херој кој ќе го следат. Ние се молиме Давид да стане еден таков херој за нив; пример за тоа како да му се доверат на Господ тогаш кога сè оди добро, а и тогаш кога има тешкотии.

## ПОУЧУВАЈТЕ ЈА И ПРИМЕНЕТЕ ЈА ЦЕНТРАЛНАТА ВИСТИНА ВО СЕКОЈА ЛЕКЦИЈА

Не се задоволувајте на децата само да им раскажувате библиски истории. Поучувајте ја централната вистина во секоја лекција и применете ја во нивниот живот. За секоја лекција сме дале краток опис каде да ја поучувате и примените таа вистина. ЦВ значи да се поучува централната вистина; ЦВС покажува каде таа се применува во животот на спасените, а ЦВН каде се применува за неспасените деца. Бидете слободни и адаптирајте ги овие примени според вашата ситуација. На пример, ако во белешките стои име на момче, додека вие имате присутни само девојчиња. Може примената да одговара за поголеми деца, а вашите се мали. Направете ги потребните промени.

## ПОУЧУВАЈТЕ ГИ НЕСПАСЕНИТЕ ДЕЦА НА ПОРАКАТА НА СПАСЕНИЕТО

Поради содржината, овие лекции се попогодни да се применуваат за спасените деца, отколку за неспасените. Сепак, во нив постојат примени и за неспасените деца. Кога има такви места потрудете се да го објасните евангелието колку можете појасно, при тоа молејќи се. Во различни делови од програмата вклучете ги основните делови од добрата вест за спасение, иако е невозможно да се поучуваат сите тие вистини во било која една од лекциите.

Пејте и објаснете ги песните кои имаат евангелистички нагласок. Исто така може да одберете погодни стихови за на памет како:Рим. 3:23; 5:8; 6:23.

Еве некои од фундаменталните вистини кои сакате да им ги претставите на неспасените деца:

### Бог

Поучувајте ги децата за Бог, Неговите атрибути и Неговите дела; дека Тој е Бог на светост, правда, љубов и сила, Кој е заинтересиран за секој од нив.

### Господ Исус Христос

Поучувајте ги за личноста и делото на Господ Исус Христос, Неговото Божество, Неговата човечка природа, Неговиот совршен живот, Неговата смрт и воскресение, Неговото вознесување и повторно враќање на земјата.

### Грев

Поучувајте ги децата дека тие се грешници по природа и по дела, бунтовници против светиот Бог; дека казната за гревот е потполна и вечна одвоеност од Бог.

## ПАТОТ НА СПАСЕНИЕ

Поучувајте ги дека тие можат да бидат спасени само преку завршеното на крстот дело на Господ Исус Христос, дека треба да се покајат за нивните гревови и да го примаат Христос со вера; дека нивното новораѓање ќе доведе до живот на послушност на Божјото Слово.

## ПОУЧУВАЈТЕ ГИ СПАСЕНИТЕ ДЕЦА ЗА ДА МОЖАТ ДА НАПРЕДУВААТ

Христијанските деца треба да се поучуваат како да живеат за Исус Христос. Треба да ги водите во подлабоко разбирање на големите вистини од Божјото Слово. Поучувајте ги внимателно во овие вистини и покажете им како тие се одразуваат во практика во нивниот живот. "Целото Писмо е од Бог вдахновено и е полезно за поука, за изобличување, поправање и поучување во правдата, за да биде Божијот човек совршен и годен за секое добро дело." (2. Тим. 3:16,17)

## БИДЕТЕ ДОСТАПНИ ЗА СОВЕТУВАЊЕ НА ДЕЦАТА

Како резултат на вашето поучување некои деца можеби ќе имаат прашања за тоа како да се спасат, или пак за христијанскиот живот. Дајте им до знаење дека сте на нивно располагање. Тоа е најдобро да се направи во раниот дел од програмата,одвоено од библиската лекција.

Ако го направите за време на лекцијата, најважно е поуките да се одвојат од поканата за спасение. Со тоа ќе ги избегнете сите недоразбирања во детските глави во однос на доаѓањето кај вас за советување и доаѓањето кај Исус за спасение. Никогаш не оставајте впечаток дека детето треба да зборува со вас за да се спаси или пак дека е спасено само затоа што разговарало со вас. Никогаш не го ставајте детето под притисок и не ги злоупотребувајте неговите емоции. Едноставно кажете му дека какво и да е неговото прашање, може да го

# Содржина

Давид меѓу Филистејците ........ 5

Саул се советува со медиум ........ 8

Давид станува цар според зборовите на Бог ........ 12

Ковчегот на заветот заробен и повторно вратен ........ 15

Давид и Вирсавеа ........ 18

Давид и Мемфивостеј ........ 21

Буната на Авесалом против Давид ........ 24

Соломон го наследува Давид како цар ........ 29

# Животот на Давид
# II дел

## Владеењето на Давид - испитувања и победи

ВАЖНО!
Илустрациите за овие серии можат да се купат од повеќето канцеларии на МЕД и онлајн продавници. За да најдеш список на канцелариите на МЕД, како и на онлајн продавниците, посети ја страницата www.teachkids.eu/mk и кликни на „Локации“.

Оригинален текст: Катерина Хершеј
Адаптација за Европа: Крис и Џенифер Хаијер

Text published by European CEF
Kilchzimmer
CH-4438 Langenbruck, Switzerland

Copyright ©1994 by Child Evangelism Fellowship
Сите права придржани. Преведено со дозвола.
Смее да се умножува за лична, непрофитна и некомерцијална употреба.
За комплетните детали во врска со правата посети ја страницата www.teachkids.eu/mk